Информативно гласило на Град

# Скопје

АПРИЛ 2015 ГОДИНА

Бесплатен примерок







ЗА СКОПЈЕ

## ОТЧЕТ ЗА 2014 ГОДИНА







# *Почитувани сограѓани,*



***Коце Трајановски,***
*Градоначалник на Град Скопје*

Во ова издание на информативното гласило „Скопје“ се навраќаме на проектите на кои беше посветен Градот Скопје во минатата 2014 година и во првите два месеца од оваа, 2015 година, кога се навршува втората година од мојот втор мандат како градоначалник на Скопје. Како и во претходните години, така и лани успешно реализиравме многубројни проекти, почнавме и завршивме големи инфраструктурни зафати кои го променија лицето на Скопје, отстранија долгогодишни сообраќајни проблеми и тесни грла и отворија нови коридори, уредувавме нови зелени површини и засадувавме дрвја, ги реновиравме училишните згради на средните училишта, градевме водоводни мрежи и атмосферски и фекални канализации, вложувавме во енергетската ефикасност и во подигањето на јавната хигиена, организирвме врвни спортски и културни манифестации...

Накратко, овде сакам да потсетам дека во 2014 година реконструиравме и проширивме над 6.000 метри улици и булевари, меѓу кои: го проширивме и реконструиравме првиот дел од улицата Трета македонска бригада, која прерасна во широк и проточен булевар и вистински сервис на новата населба што никнува во тој дел од градот; во завршна фаза е проширувањето на третиот дел од булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов; се проширува улицата Јордан Мијалков; изградбата на кружниот тек на булеварот Партизански одреди, кај Порта Влае е пред крај; ја проширивме крстосницата кај Шумарскиот факултет; ги обновивме крајните сообраќајни ленти пред пет автобуски стојалишта, се гради површинска фонтана на плоштадот „Македонија...

Во годината што е зад нас подигнавме над 60.000 квадратни метри нови зелени површини, меѓу кои ќе ги споменам: го уредивме зеленилото кај новите згради на булеварот Февруарски поход и засадивме 240 дрвца; се уредува вториот дел од паркот „Македонија“; уредено е зеленилото по должината на булеварот Трета македонска бригада; уредено е зеленилото покрај булеварот Видое Смилевски Бато; се уредува парк-шумата „Гази Баба“, а почнавме и голема акција за уредување нова парковска површина, поголема од првиот дел од Градскиот парк, исто така, на булеварот Февруарски поход.

На јавните зелени површини засадивме 3.342 садници/дрвца, како и 10.000 рози.

Меѓу другите проекти што се резултат на соработката со Вас почитувани сограѓани, сакам да ги издвојам: тече изградбата на третата фаза од фекалниот колектор во населбата Инџиково; изградивме атмосферска канализација за гробиштата „Бутел“; општините Кисела Вода, Аеродром и Гази Баба добија подземни контејнери; ја расчиставме големата дива депонија на улицата Гарсија Лорка во Шуто Оризари и на тој простор засадивме 100 зимзелени дрвја; го обезбедивме железничкиот премин кај Усје; вложивме 33,5 милиони денари за реконструкција на 15 средни училишта за да ги подобриме условите во кои учат нашите деца; изградивме лифтовска платформа за лицата со посебни потреби во МКЦ; вложувавме во енергетската ефикасност; и многу други проекти.

Не можам да не ги споменам и многубројните спортски манифестации и културни случувања што ги организираше Градот Скопје во 2014 година, а што се белег на нашиот град: Скопскиот маратон, ИКАС, натпреварите во одбојка и ракомет на песок, потоа Скопско лето, МОТ, Оро без граници, Баскерфест...

Минатата, 2014 година се соочивме и со големи проблеми – поради обилните врнежи од дожд, невообичаени за ова подрачје, минатото лето неколкупати се поплавија десет критични точки на неколку градски улици и надвозници. Градот Скопје веднаш презеде мерки и со градежни зафати за подобрување на атмосферската мрежа на улицата Финска, на булеварот Киро Глигоров, под стоковната куќа „Мост“ и на улицата Павел Шатев, кај подвозникот, го решивме и тој проблем. При обилните врнежи оваа есен кога се подигна и нивото на реката Вардар, овие критични точки не се поплавија!

Сите овие проекти се потврда на посветеноста на Градот Скопје на развојот на нашиот град. Соработката со Вас, почитувани сограѓани, вашите предлози и идеи се клучни за мојата работа, како градоначалник на Скопје и за работата на мојот тим. Во иста насока продолжуваме и оваа 2015 година, вредно и одговорно за Вас, за Скопје.


**„СКОПЈЕ“**
ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО
НА ГРАД СКОПЈЕ
Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ“ излезе на 10 декември 2008 година

**Уредува**
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

www.skopje.gov.mk

**Лектор**
Лидија Антоновска

**ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ**
Булевар Илинден 82

**Телефон**
02 3297 255

**меил-адреса**
gragjani@skopje.gov.mk

**Дизајн и печат**
Нампрес, Скопје




# ЧЕТИРИ ЛЕНТИ ЗА ПРВИОТ ДЕЛ ОД БУЛЕВАРОТ ТРЕТА МАКЕДОНСКА БРИГАДА

Првиот дел од булеварот Трета македонска бригада, на потегот од булеварот Србија до улицата Фрањо Клуз, во септември 2014 година доби нов лик. На делница долга 1.243 метри беше изграден коловоз со четири ленти, нови тротоари и велосипедски патеки, уредено е зеленилото, а поставено е и ново осветлување.

- Старата и нефункционална улица Трета македонска бригада, која беше синоним за сообраќаен метеж, со овој проект доби 4 коловозни ленти, по две во секоја насока. Новоасфалтираната површина изнесува 22.500 квадратни метри. Од двете страни на сообраќајницата се изградени тротоари и велосипедски патеки покриени со бекатон-плочки. За одведување на атмосферските води на булеварот Трета македонска бригада е поставена атмосферска канализација со должина од 1.300 метри - вели градоначалникот Коце Трајановски.

На проширување и реконструкција на булеварот Трета македонска бригада, на делницата од булеварот Србија до улицата Фрањо Клуз, работеа екипите на градежната компанија ДГТ „Жикол“ од Струмица.




- Градот Скопје за изградбата на оваа значајна делница потроши 133 милиони денари. Сакам да нагласам и дека новата сообраќајница ја осветлуваат 122 светилки поставени на 78 столба со висина од по 10 метри. Осветлени се и велосипедската и пешачката патека од северната страна на булеварот, со посебни светилки. На осветлувањето на оваа делница од проширениот булевар Трета македонска бригада работеа екипите на „Елтра“ Скопје, а Градот Скопје вложи 6,2 милиони денари со вклучен ДДВ. На средината на новопроширениот коловоз е изградена средишна жардиниера со ширина од 5 метри, а уредено е и страничното зеленило. Вкупно е уредена зелена површина од 12.000 квадратни метри, поставена е хидрантска мрежа во должина од 2.900 метри, со 118 прскалки и систем капка по капка со должина од 5.500 метри. За уредување на зеленилото по должината на проширената делница од булеварот Трета македонска бригада Градот Скопје вложи околу 8 милиони денари, а на терен работеа екипите на ЈП „Паркови и зеленило“. Со тоа, вкупната вредност на проектот за проширување и реконструкција на улицата Трета македонска бригада - прва фаза - изнесува околу 147,2 милиони денари - објаснува градоначалникот Трајановски.

*Проект за проширување на булеварот Партизански одреди - прва фаза*

# КАЈ ПОРТА ВЛАЕ ФОРМИРАН НОВ КРУЖЕН ТЕК









Булеварот Партизански одреди и улиците Ацо Шопов и Ѓорче Петров ги поврза кружен тек. На оваа локација е веќе поставена атмосферската канализација и осветлувањето, а кружниот тек е асфалтиран со два слоја асфалт и прооден за возилата. Градежните работи на ова ново сообраќајно решение се во завршна фаза. Со подобрувањето на временските услови, на кружниот тек ќе се нанесе завршниот слој асфалт и ќе се обележи хоризонталната сигнализација.

Новоформираниот кружен тек е со дијаметар од 40 метри, коловозот е широк 9 метри, изградена е заштитна патека од 1,5 метри и средишно зеленило. Кружниот тек се состои од две сообраќајни ленти. По кружниот тек, гледано во насока кон Ѓорче Петров, булеварот Партизански одреди е проширен до влезот во автобазата на ЈСП и има по три коловозни ленти во секоја насока, средишна жардиниера со ширина од 5 метри, а формирани се и велосипедска патека со ширина од 2 метра и пешачка патека со ширина од 3 метри, покриени со бекатон-плочки.

Во зеленилото е поставена хидрантска мрежа за наводнување, наредени се бекатон-плочки на пешачките патеки, а изградена е и бетонската жардиниера на булеварот Партизански одреди и на улицата Ѓорче Петров, на влезовите во кружниот тек. На зелената површина е засеана трева.

Ова е првата фаза од проектот за проширување на булеварот Партизански одреди - изградба на кружен тек и проширување на булеварот Партизански одреди до влезот во автобазата на ЈСП. Градот Скопје за градежните работи во овој дел од проектот ќе вложи 50,5 милиони денари. На терен работат екипите на градежната компанија „Бауер БГ“.

Новото сообраќајно решение кај Порта Влае го осветлуваат 13 столба за улично осветлување, со 32 светилки. За поставување на осветлувањето беа задолжени екипите на „Елтра“, а Градот Скопје за овој дел од проектот вложи 885.799 денари.

Втората фаза од овој проект ќе го поврзе булеварот Партизански одреди со кружниот тек кај црквата „Свети Петар и Павле“.

# НАСКОРО НОВ ЛИК ЗА ТРЕТАТА ДЕЛНИЦА ОД БУЛЕВАРОТ МИТРОПОЛИТ ТЕОДОСИЈ ГОЛОГАНОВ



Градежните работи за проширување и реконструкција на третиот дел од булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов, на потегот од крстосницата со булеварот 8.Септември до улицата Московска се во завршна фаза. На оваа делница од булеварот, долга 1.600 метри, се веќе формирани 4 коловозни ленти, по две во секоја насока. Со подобрувањето на временските услови, делницата ќе се асфалтира со завршниот слој асфалт на вкупна површина од 19.500 квадратни метри и ќе се обележи.

Според проектот, од двете страни на проширениот коловоз се изградени тротоари со ширина од по 3,5 метри, со вкупна површина од 9.550 метри, коишто се покриени со павер-елементи.



Градежните работи на третиот дел од булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов беа искористени за да се постави нова атмосферска канализација со вкупна должина од 1.493 метри и профил од 200, 400, 600 и од 1.200 милиметри. Деновиве ќе се работи на приклучување на колекторот од атмосферската канализација со мрежата на улицата Прашка. На терен беше извршена и реконструкција на постојната фекална мрежа, при што на должина од 226 метри се поставени цевки со профил од 600 и 300 милиметри. Беше извршена заштита и на гасоводната цевка со профил од 400 милиметри.



Во наредниот период ќе се уредуваат и косините и пристапните патеки до индивидуалните објекти и ќе се зазелени просторот.

На проширување и реконструкција на третиот дел од булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов работат градежниците на Трансмет ДОО Скопје. Градот Скопје за овој обемен проект ќе потроши околу 81 милион денари.



Третиот дел од проширениот булевар Митрополит Теодосиј Гологанов го осветлуваат 82 столба за улично осветлување на коишто се поставени 108 светилки со моќност од 250 W. На осветлување на новореконструираната делница работеа екипите на фирмата „Магнус Инжинеринг", а за овој зафат Градот Скопје одвои околу 11,6 милиони денари.

Проширувањето и реконструкцијата на третиот дел од булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов е уште еден капитален проект на Градот Скопје којшто ќе овозможи побезбедно одвивање на сообраќјот, намалување на метежот и скратување на времето на патување.

# ПРОШИРЕНА КРСТОСНИЦАТА ПРЕД НАСЕЛБАТА АВТОКОМАНДА

За да се зголеми безбедноста во сообраќајот и за да се намали метежот, екипи на Градот Скопје ја проширија крстосницата на булеварот Александар Македонски со улицата 16. Македонска бригада, пред населбата Автокоманда.

Во текот на градежните работи, средишната жардиниера на дел од булеварот Александар Македонски беше скратена со што сообраќајната лента за вртење во лево кон улицата 16. Македонска бригада се продолжи за 120 метри. На терен е извршен ископ, нанесен е тампонски слој и нов асфалт.



Булеварот Александар Македонски се прошири за една сообраќајна лента со ширина од 3,5 метри, во делот пред и по свртувањето во десно кон улицата 16. Македонска бригада, кон базата на Противпожарната бригада. Коловозот на булеварот Александар Македонски во овој дел беше проширен во должина од 150 метри.



Градежни работи за проширување на оваа крстосница се одвиваа и на аголот пред Шумарскиот факултет, каде што се прошири едната сообраќајна лента на улицата 16. Македонска бригада, за вртење во десно кон булеварот Александар Македонски. Тротоарот е покриен со бекатон плочки.

На терен работеа екипите на ЈП „Улици и патишта“. Вкупно е реконструирана површина од 3.000 квадратни метри, а Градот Скопје за овој градежен зафат одвои околу 5,7 милиони денари.



# УЛИЦАТА ЈОРДАН МИЈАЛКОВ ЌЕ ДОБИЕ ТРИ ЛЕНТИ





Улицата Јордан Мијалков се проширува и се реконструира на потегот од крстосницата со улицата Герман до пред крстосницата со улицата Павел Шатев. Оваа значајна сообраќајница во центарот на градот со овој проект ќе се прошири во должина од 750 метри. Проширувањето се изведува по левата страна, гледано од булеварот Мајка Тереза кон улицата Павел Шатев.

По проширувањето, оваа сообраќајница ќе добие три коловозни ленти со ширина од по 3,25 метри, средишна жардиниера со зеленило (1,5 метри) и улично осветлување, сервисна коловозна лента со паркинг широка 6 метри и тротоар покриен со бекатон-плочки.

На терен деновиве се работи на поставување атмосферска канализациска мрежа, а се реконструира и постојната водоводна и фекална мрежа.

На проширување и реконструкција на улицата Јордан Мијалков работат екипите на градежната компанија „Пелагонија“ од Гостивар, а за поставување на осветлувањето е задолжена фирмата Дигитал ДОО Струмица. Градот Скопје, за градежните работи и за осветлувањето на улицата Јордан Мијалков, ќе вложи околу 47 милиони денари.

Проширувањето на улицата Јордан Мијалков во голема мера ќе придонесе за растоварување на сообраќајниот метеж од центарот на градот кон Кисела Вода.



# СЕ ГРАДИ ПОВРШИНСКА ФОНТАНА НА ПЛОШТАДОТ „МАКЕДОНИЈА“

Изградбата на површинската, таканаречена сува фонтана, на плоштадот „Македонија“, е во тек. Фонтаната е сместена на просторот меѓу спомениkот „Воин на коњ“ и Камениот мост и има правоаголна форма, со димензии 20 на 10 метри. Армирано-бетонското корито на фонтаната е веќе изведено, а монтирани се и пумпите. Површината врз армирано-бетонското корито ќе биде изработена од светло сиви гранитни плочи со димензии 60 на 60 сантиметри и со дебелина од 10 сантиметри.

На плочите од фонтаната ќе се постават ЛЕД светилки со отвори за вградување млазник. Фонтаната ќе ја сочинуваат 128 млазници со 128 светилки. Визуелниот ефект на фонтаната ќе се постигне со игра на млазевите, а навечер и со игра на светлата.

Водата што прска од млазниците ќе понира меѓу плочите и ќе се враќа во системот. Атмосферските води од партерот преку каналетки ќе се одведуваат преку постојната атмосферска мрежа.

Покрај изведбата на површинската фонтана на плоштадот „Македонија“ се врши и реконструкција на партерот на плоштадот, која се одвива етапно, за да се овозможи непречено движење на пешаците во текот на градежните работи. Партерот се уредува со сиви и бели коцки и сиви гранитни плочи.







Проектот за изградба на површинската фонтана и за реконструкција на партерот на плоштадот „Македонија“ е на Јавното претпријатие за просторни и урбанистички планови – Прилеп, а на терен работат екипите на градежната компанија „Трансмет“ од Скопје. Вредноста на овој проект е околу 150 милиони денари.

# ПОДОБРЕНА АТМОСФЕРСКАТА МРЕЖА НА ЧЕТИРИ ЛОКАЦИИ

Атмосферската канализациска мрежа на булеварот Киро Глигоров, на улиците Финска и Павел Шатев и под стоковната куќа „Мост“ изминатата есен беше реконструирана за да се спречи поплавувањето на сообраќајниците од обилни врнежи на дожд. Во наредниот период се очекува да почне реконструкција на атмосферската мрежа и на неколку други локации во градот, што се поплавуваа при обилните врнежи минатото лето. За сите овие интервенции Градот Скопје ќе одвои околу 2 милиона евра.

Како дел од градежните работи за подобрување на атмосферската мрежа во градот, по краците 1 и 2 од улицата Финска, во населбата Ченто, екипите на ЈП „Водовод и канализација“ поставија нова атмосферска канализација. По кракот 1 е изведен бетонски канал во должина од 95 метри, ревизиона шахта со пречник од 1.000 милиметри со таложник и ПВЦ цевка со профил 400 милиметри, во должина од 36 метри. По кракот 2, попречно на улицата е поставена решетка во непосредна близина на каналот, па одведувањето на атмосферските води ќе се врши со директно испуштање во каналот.

Екипите на Град Скопје и на ЈП „Водовод и канализација“ ја реконструираа атмосферската мрежа на улицата Павел Шатев, во близина на подвозникот, со што се зголеми проточноста на атмосферските води. На самата крстосница, на двете коловозни ленти се поставени три попречни решетки од монолитен бетон, во вкупна должина од 7,35 метри и еден сливник. На раскрсницата дополнително се поставени и три сливници.

Реконструирана е атмосферската канализациска мрежа и на дел од булеварот Киро Глигоров. Најпрво беше извршена реконструкција на постојниот атмосферски колектор кај објектот „Бриколаж“, при што беа вградени полипропиленски цевки, Ф 800 милиметри, во должина од 57 метри. Со овој зафат беше извршено исправување на атмосферскиот колектор којшто претходно имаше две прекршувања под агол од 90 степени. Потоа, на јужната и на северната страна на булеварот Киро Глигоров, кон подвозникот, беа поставени решетки од монолитен бетон.

Извршена е реконструкција и на атмосферската мрежа на дел од булеварот Гоце Делчев, под стоковната куќа „Мост“. Изграден е дополнителен колектор со профил Ф 500 милиметри, во должина од 62,1 метар и тоа од јужниот коловоз до приклучокот во постојниот атмосферски колектор Ф 1.000 милиметри. По јужниот коловоз е изведен армирано-бетонски монолитен канал во должина од 30 метри, а попречно, по двата коловоза е изведен армирано-бетонски монолитен канал во должина од 27 метри со попречни и подолжни решетки со канали од двете страни на булеварот.


На улицата Финска


На улицата Павел Шатев


На булеварот Киро Глигоров


Кај стоковната куќа „Мост“

Крајните сообраќајни ленти пред пет автобуски стојалишта во центарот на градот во текот на изминатото лето добија нов асфалт. Како дел од овој проект, реконструирана е крајната и оштетена сообраќајна лента на булеварот Крсте Мисирков, пред автобуското стојалиште кај објектот на МАНУ, во должина од 115 метри. Со реконструкцијата се замени површинскиот и потповршинскиот асфалтен слој, а беа нивелирани и постојните шахти и сливници. За овој зафат Градот Скопје потроши 2,9 милиони денари со ДДВ.



На улицата Димитрие Чуповски

# ОБНОВЕН КОЛОВОЗОТ ПРЕД ПЕТ АВТОБУСКИ СТОЈАЛИШТА



Екипите на Градот Скопје ги реконструираа и двете крајни сообраќајни ленти на улицата Димитрие Чуповски, пред автобуските стојалишта пред и наспроти Рекорд. Сообраќајната лента пред станицата наспроти Рекорд се реконструираше во должина од 200 метри. Градот Скопје за овој градежен зафат одвои околу 4 милиони денари. Реконструирана е и крајната сообраќајна лента пред автобуската станица наспроти Театарот за деца и младинци, во должина од 60 метри. Градот Скопје за овој зафат потроши околу милион денари.

Целосно се реконструирани и крајните сообраќајни ленти пред двете автобуски стојалишта на булеварот Кузман Јосифовски Питу, пред Комплексот банки и пред трговскиот центар ВЕРО. Сообраќајната лента пред Комплексот банки е реконструирана во должина од 200 метри, пред и по автобуската станица, а онаа пред ТЦ ВЕРО во должина од 102 метри. Градот Скопје за овој зафат потроши околу 7 милиони денари со ДДВ и тоа 5 милиони денари за сообраќајната лента пред Комплексот банки и околу 2 милиона денари за сообраќајната лента пред трговскиот центар ВЕРО.



На булеварот Крсте Мисирков



На булеварот Кузман Јосифовски Питу

# НОВ ЛИК ЗА ЧЕТИРИ КРАЦИ ОД УЛИЦАТА ЦРНОГОРСКА

Четири краци од улицата Црногорска пред неколку месеци добија нов асфалт и уредени тротоари. Екипите на Градот Скопје и на Општината Ѓорче Петров го реконструираа кракот од улицата Црногорска, на потегот од улицата Радушка до улицата Лука Геров, како и краците 1, 2 и 3 од оваа улица, кај паркчето пред надвозникот на улицата Лука Геров.

Од улицата Црногорска вкупно се обновени 650 метри, при што посочените делници добија нов асфалт, а коловозот е проши-







рен според условите на теренот, до ширина од 5,5 метри.

Градот Скопје и Општината Ѓорче Петров во овој зафат учествуваа со по 2,3 милиони денари, односно за овој проект вкупно се вложени 4,6 милиони денари.

# ОБНОВЕН ДЕЛ ОД УЛИЦАТА РАДИШАНСКА



За да се овозможи безбедно одвивање на сообраќајот, екипите на Град Скопје и на ЈП „Улици и патишта“ го реконструираа асфалтот на дел од улицата Радишанска, во општината Бутел, којшто беше оштетен и пропаднат поради прекопи.

Во овој градежен зафат беше обновена делница долга 170 метри. Стариот и оштетен асфалт беше отстранет, обновен е потповршинскиот слој и е нанесен нов асфалт. За овој градежен зафат Градот Скопје потроши 1,5 милиони денари.

# ПРИЗНАНИЕ ОД ДРУШТВОТО ЗА ПАТИШТА

Друштвото за патишта на Република Македонија на 9 јануари 2014 година додели признание на Градот Скопје за „Исклучителен развој на градските сообраќајници“, како дел од одбележувањето на јубилејот - 45 години од основањето на ова друштво. Признанието за Градот Скопје го прими Претседателот на Советот на Град Скопје, Ирена Мишева.



На свеченото одбележување на овој јубилеј во просториите на Градежниот факултет беше одржано меѓународно стручно советување на тема „Автопатиштата, клуч за понатамошен економски развој на Република Македонија“ на која се дискутираше за сите аспекти од изградбата на автопатиштата (планирање, проектирање, изградба, одржување, управување и безбедност).

# ОБНОВЕНА ПЕШАЧКАТА ПАТЕКА НА БУЛЕВАРОТ КРСТЕ МИСИРКОВ…

Пешачката и велосипедската патека на булеварот Крсте Мисирков, кои беа многу оштетени, се обновени на должина од околу 400 метри, од крстосницата со булеварот Гоце Делчев до почетокот на Битпазар, од страната на трговскиот центар „Мавровка“.

На терен, стариот и оштетен асфалт беше отстранет, заменети беа малите рабници меѓу велосипедската и пешачката патека и оштетените големи рабници и беше нанесен нов асфалтен слој. Реконструирана е вкупна површина од околу 3.300 квадратни метри.





По должината на реконструираната пешачка и велосипедска патека деновиве се монтираат столбчиња за да се спречи непрописното паркирање возила. Градот Скопје за овој градежен зафат потроши околу 3,1 милион денари, а на терен работеа екипите на ЈП „Улици и патишта“.

# …И НА НАДВОЗНИКОТ КАЈ БИТПАЗАР



Екипите на Град Скопје и на ЈП „Улици и патишта“ ги санираа пешачките патеки на надвозникот на булеварот Крсте Мисирков, кај Битпазар.

Во текот на изминатиов месец оштетениот асфалт на патеките беше раскопан на површина од 900 квадратни метри, отстранети се оштетените бетонски капаци на тротоарите и се поставени нови капаци. На пешачките патеки е нанесен нов асфалтен слој.



За овој градежен зафат што ќе придонесе да се зголеми безбедноста на пешаците што го преминуваат надвозникот на булеварот Крсте Мисирков, Градот Скопје потроши околу 950.000 денари.

# СВЕТНА МИЛЕНИУМСКИОТ КРСТ



На 20 јануари годинава беше ставен во употреба новиот систем за осветлување на Милениумскиот крст, едно од главните обележја на Скопје.

- Милениумскиот крст, е изграден во 2 000. година во чест на две илјади години христијанство во оваа библиска земја, Македонија, но објектот не беше целосно завршен. Поради тоа, беше неопходно да се доизгради и да се обнови. За таа цел, досега е направена антикорозивна заштита на челичната конструкција на Милениумскиот крст, а направена е и нова електрична инсталација на крстот кој е осветлен со 280 ЛЕД светилки. Реконструкцијата на објектот Милениумски крст во делот на осветлувањето е донација на компанијата „Балкан енерџи груп" и донаторот Леонид Лебедев. Градежните активности за реконструкција на овој објект продолжуваат со изведба на водоснабдителната и канализациската мрежа и монтажа на нов панорамски и застаклен лифт. Овие активности се спроведуваат со поддршка на ЈСП, Градот Скопје и Владата на Република Македонија. Сите овие активности за доизградба на Милениумскиот крст се во вредност од 66 милиони денари - истакна градоначалникот Коце Трајановски, на пуштањето во употреба на новиот систем за осветлување на Милениумскиот крст.



Членот на Советот на Федерацијата на Федералното Собрание на Руската федерација, Леонид Лебедев нагласи дека модернизацијата на системот за осветлување ќе овозможи да се даде нов, посовремен изглед на еден од главните архитектонски симболи на Скопје, за да се подвлече неговата неповторливост.

- Проектот претставува продолжение на традиционалната политика на Русија за зацврстување на културните и меѓудржавните врски со земјите од Балканскиот полуостров кои се и цивилизациски блиски - рече Лебедев.

Проектот и организацијата на работите за поставување нов систем за осветлување на Милениумскиот крст беа реализирани од компанијата „Балкан енерџи груп", која оддели финансиски средства за спроведување на градежно-монтажните работи, најде изведувач за нивно исполнување и го контролираше квалитетот на извршените работи при реконструкцијата на системот за осветлување. Оваа иницијатива активно ја поддржа Леонид Лебедев, член на Советот на Федерацијата на Федералното собрание на Руската Федерација, донатор и општествен деец. Вкупната помош од двата спонзори изнесува над 198.000 евра.

# АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА И АСФАЛТИРАНИ УЛИЧКИ ВО ГРОБИШТАТА „БУТЕЛ“



За да се овозможи ефикасно одведување на атмосферските води од гробиштата „Бутел“ и да се спречи поплавувањето на дел од гробиштата, екипи на Град Скопје изградија нова атмосферска канализациска мрежа по должината на улицата Александар Урдаревски. На должина од 1.800 метри, од крстосницата на улицата Александар Урдаревски со улицата Бутелска до средината на гробиштата, покрај патот, беа поставени полипропиленски цевки со профил од 800, 400 и 300 милиметри. Цевките беа поврзани на постојната мрежа од гробиштата Бутел.

Во текот на градежните работи за изведба на новата атмосферска мрежа, во коритото на реката Серава е изведена армирано бетонска шахта со поголем испуст што овозможува атмосферската вода од мрежата непречено да се влева во реката Серава.



Во овој градежен зафат, кој ги реши долгогодишните проблеми со собирањето на атмосферските води, Градот Скопје вложи околу 21 милион денари.

Екипите на Градот Скопје асфалтираа неколку улички на Градските гробишта „Бутел“ со вкупна површина од 3. 200 квадратни метри. За реализација на овој градежен зафат Градот Скопје потроши 3,5 милиони денари, а на терен работеа екипи на ЈП „Улици и патишта“.

# МЕЃУНАРОДНО ПРИЗНАНИЕ ЗА КАТНАТА ГАРАЖА „МАКЕДОНСКА ФАЛАНГА“



Катната гаража „Македонска фаланга“ што Градот Скопје ја изгради на улицата Свети Кирил и Методиј минатата година доби најмногу гласови од публиката на Интернет-гласањето за популарната архитектонска награда „Архитајзер А+“, во категоријата објекти за паркирање. Наградата „Архитајзер А+“, што ја организира платформата за архитектура и дизајн „Архитајзер“, оддава признание на најдобрите архитектонски решенија, простори и продукти во светот.

Катната гаража „Македонска фаланга“ има два ката под земја и пет ката над земја, со вкупно 445 паркинг-места. Станува збор за современ објект со модерен систем за видеонадзор, систем за следење на слободни паркинг-места и за насочување на возилата, осветлување и испочитувани стандарди за противпожарна заштита.

# СЕ ПОСТАВУВА ОПРЕМАТА ЗА ЕЛЕКТРОНСКА НАПЛАТА ВО АВТОБУСИТЕ НА ЈСП



Оваа есен, Градот Скопје во автобусите на ЈСП ќе воведе систем за електронска наплата на билетите и за автоматска локација на возилата. Инсталацијата на потребната опрема во 400 автобуси на ЈСП е во тек и се одвива според предвидената динамика.

Со воведувањето на овој систем, Градот Скопје ќе придонесе за подигање на квалитетот на превозните услуги, за зголемување на бројот на патници, како и за зголемена наплата. Системот за автоматска локација на возилата и за електронска наплата на билетите ќе го воведе конзорциумот ТММК – Маргенто - ИКОМ, избран на јавен повик.

- Со воведувањето на овој систем граѓаните ќе имаат многу придобивки - следење на автобусите во реално време, запазување на пропишаните возни редови, како и овозможување навремени корекции и намалување на времето на чекање во согласност со моменталните случувања во сообраќајот во градот. Голема придобивка ќе биде и интегрирањето во овој систем на приватните превозници „Слобода превоз“ и „Макекспрес“, односно граѓаните ќе можат еден билет да користат за возење и во автобусите на приватните превозници и во автобусите на ЈСП. Средствата од продажбата на билетите ќе ги добива Градот Скопје, а на превозниците Градот ќе им префрла средства по поминат километар. За реализација на овој проект се предвидени околу 3 милиони евра – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Во делот на наплатата, овој проект ќе овозможи лесна и брза наплата со намалување на времето на задржување на автобуските постојки. Постои можност за воспоставување различни видови плаќања (дневен билет, неделен билет, временски ограничен билет, зонски билет...). На граѓаните на располагање ќе им бидат 61 место  со три автономни автомати за издавање и дополнување на картички.

Не е за занемарување и заштедата на горивото поради рационализацијата на превозот и пократкото стоење на возилата на постојките, а со тоа ќе се придонесе за помалото загадување на воздухот.



## БЕСПЛАТЕН ПРЕВОЗ ЗА ДЕЦАТА БЕЗ РОДИТЕЛИ

Градот Скопје од 1 август 2014 година ја намали цената за 50% на месечениот билет за јавен превоз во автобусите на ЈСП, како и на билетот за превоз на жичницата на Водно за полнолетните лица (не постари од 27 години) без родители и родителска грижа, во пресрет на проектот на Владата на Република Македонија за подобрување на состојбата на децата без родители и родителска грижа.

Децата до 18 години без родители и родителска грижа можат бесплатно да ги користат услугите на Јавното сообраќајно претпријатие.

Сите заинтересирани, потребните документи треба да ги поднесуваат во продажното место на ЈСП во Автокоманда на булеварот Александар Македонски број 10, каде што можат и да го подигнат билетот.

## БЕСПЛАТЕН АВТОБУСКИ ПРЕВОЗ ЗА ПОВОЗРАСНИТЕ ГРАЃАНИ И ВО НЕДЕЛА

Освен во деновите вторник, петок и сабота, повозрасните граѓани со навршени 62 години за жени и 64 години за мажи од 22 јуни 2014 година добија можност бесплатно да се возат во автобусите на ЈСП и во недела.

Градот Скопје смета дека оваа можност е од корист на повозрасните граѓани, а се намалува и метежот што се создава во автобусите на ЈСП во текот на работните денови. Бесплатниот превоз во автобусите на ЈСП се остварува со покажување лична карта.

# ДОНАЦИЈА НА СКУТЕРИ ЗА МВР

Градоначалникот Коце Трајановски и директорот на ЈП „Градски паркинг", Борче Јакимовски на 4 јуни 2014 година ги предадоа клучевите на министерот за внатрешни работи Гордана Јанкуловска за 5 скутери, донација од Јавното претпријатие „Градски паркинг" на Министерството за внатрешни работи - Сектор за внатрешни работи.

- Симболичното предавање на клучевите за 5 скутери, секој опремен со заштитен шлем и со куфер, донација за потребите на СВР Скопје, знак е на благодарност на Градот Скопје за добрата соработка со МВР. Градот одржува редовни средби со претставници на МВР и имаме добра соработка. Се надевам дека и во иднина оваа соработка успешно ќе ја продолжиме за да се зголеми безбедноста на граѓаните, а оваа донација ќе придонесе за поголема мобилност на претставниците на МВР во централното



градско подрачје - истакна градоначалникот Трајановски, на предавањето на донацијата.

Петте донирани скутери се марка СИМ (SYM, Symphony 50 SR), а за нивна набавка ЈП „Градски паркинг" потроши 600.000 денари.

## НОВА СИГНАЛИЗАЦИЈА НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ ПРЕМИН КАЈ УСЈЕ

Градот Скопје воведе нов сообраќаен режим на булеварот Борис Трајковски, на преминот преку железничката пруга кај населбата Усје каде што е поставена нова патна и железничка сигнализација.

- Вградувањето на овој систем за регулирање на сообраќајот е резултат на добрата соработка на Градот Скопје со Македонски железници-Инфраструктура, Македонски железници-Транспорт и Цементарницата „Усје". На терен се поставени светлосни сообраќајни знаци за означување премин на патот преку железничка пруга во ниво и полубраници за затворање на сообраќајот на преминот преку железничката пруга во ниво. Претходно овој премин беше регулиран физички, со знаменца, а сега преминот е обезбеден со рампи и целосна сигнализација со што во голема мера ќе се зголеми безбедноста во сообраќајот. Сакам да нагласам дека ова е еден од најсложените системи за регулирање на сообраќајот во нашава земја, со оглед на тоа што овој премин е единствениот каде што железничка пруга поминува низ крстосница регулирана со семафори – рече градоначалникот



Коце Трајановски, на промоцијата на новата сигнализација.

Директорот на МЖ – Инфраструктура, Ирфан Асани, истакна дека овој нов систем, којшто е финансиран главно од Градот Скопје и од Цементарницата „Усје", треба да биде пример како се решава сообраќајот кога индустриски колосеци се вкрстуваат со сообраќајници, а којшто треба да го следат и другите правни субјекти.

## КАМПАЊА „ПОЧИТУВАЈ ГИ ПРАВИЛАТА, ПОЧИТУВАЈ ГО ЖИВОТОТ"

Градот Скопје се вклучи во кампањата за безбедност во сообраќајот „Почитувај ги правилата, почитувај го животот" и преку низа активности упати јасна порака до граѓаните дека со одговорно вклучување во сообраќајот секој човек придонесува за својата, но и за безбедноста на другите учесници во сообраќајот. Градоначалникот Коце Трајановски на 13 септември 2014 година ја посети дирекцијата на ЈСП во населбата Автокоманда и поразговара со стручните лица во ова јавно претпријатие за предизвиците со коишто се соочуваат при вклучувањето во сообраќајот. Кампањата ја поддржаа и скопските таксисти коишто ја нагласија важноста од врзување на безбедносниот ремен за возачите, но и за патниците во моторните возила. Во таа насока, на такси- возилата во Скопје на задното стакло има залепено жолти налепници кои ќе ги потсетуваат корисниците на такси-превозот да го врзат безбедносниот ремен.



Кампањата за безбедност во сообраќајот „Почитувај ги правилата, почитувај го животот" ја спроведува Владата на Република Македонија со цел да се подигне свеста на граѓаните - учесници во сообраќајот да ги почитуваат пропишаните правила и прописи.

*Во Ново село*

# ИЗГРАДЕНИ АВТОБУСКИ ПОСТОЈКИ НА УЛИЦАТА ЛУКА ГЕРОВ

Екипите на ЈП „Улици и патишта“ изградија нови автобуски постојки на улицата Лука Геров, кај спортската сала на ОУ „Тихомир Милошевски“ во населбата Ново село, општина Ѓорче Петров.

За изградба на новите стојалишта коловозот од двете страни на улицата беше проширен и асфалтиран, а изградени беа и тротоари со ширина од 1,5 метри. Едната автобуска постојка е на површина од 175 квадратни метри, долга е 50 метри и широка 3,5 метри. Другата постојка е на површина од 130 квадратни метри, долга е 37 метри и широка 3,5 метри.

Екипите на ЈП „Улици и патишта“ поставија и сливници за одведување на атмосферските води.

За реализација на овој проект Градот Скопје од буџетот издвои околу 500 000 денари.



# ПАРКИНЗИ ЗА ВЕЛОСИПЕДИ ВО ТРИ СРЕДНИ УЧИЛИШТА



Во средните училишта „Раде Јовчевски-Корчагин“, „Орце Николов“ и „Михајло Пупин“ во ноември 2014 година беа поставени паркинзи за по 10 велосипеди или вкупно беа обезбедени 30 нови паркинг-места, како дел од проектот „Младите на велосипед“.

Во рамките на овој проект, учениците на СУГС „Орце Николов“ имаа можност да разговараат со претставници на Координативното тело за велосипедска инфраструктура на Град Скопје и со претставници од Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата. Целта на дискусијата беше да се подигне свеста на младите велосипедисти и на преостанатите учесници во сообраќајот за нивната безбедност и да се воспостави соработка со соодветни институции и државни тела кои имаат влијание во креирање на законот за безбедност во сообраќајот.

Проектот „Младите на велосипед“ е реализиран од здружението „Гоу Грин“, а финансиски е поддржан од Град Скопје.

# НОВА АВТОБУСКА ЛИНИЈА ВО ВИЗБЕГОВО

На барање на граѓаните, Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје“ во јануари 2014 година воведе нова автобуска линија со број 118, за населеното место Визбегово. Новата автобуска линија се очекува да ги подобри условите во индустриската зона Визбегово, да го олесни пристапот до работните места и да придонесе граѓаните повеќе да ги посетуваат продажните капацитети во оваа зона. Во Визбегово има околу 200 компании со околу 2. 000 вработени.

Автобуската линија со број 118 ќе сообраќа на релацијата од Транспортен центар, преку булеварите Кузман Јосифовски-Питу, Крсте Мисирков, Гоце Делчев, Партизански одреди, 8.Септември, па по улицата Скупи, булеварот Словенечка и ќе продолжува по индустриската улица, со крајна станица во Визбегово (индустриска зона). Во обратна насока автобусите ќе сообраќаат по истата траса.



# ЕЛЕКТРОМОБИЛИ И ЕЛЕКТРОВЕЛОСИПЕДИ

Во текот на изминатото лето беа промовирани 5 електромобили и 10 електровелосипеди на ЈП „Градски паркинг“ кои им се ставени на располагање на граѓаните и на посетителите на Скопје.

Цената на билетот за електромобилите изнесува 50 денари по лице, за една тура за разгледување, која во просек трае 20 минути. На оваа рута се предвидени пет стојалишта: пред спомен обележјето Мајка Тереза, на плоштадот „Македонија“, Порта Македонија, пред споменикот на Филип II и кај мостот „Око“. Електромобилите ги управуваат возачи кои се обучени и за туристички водичи.






Цената за изнајмување електровелосипед изнесува 100 денари, за користење од максимум 1 час.

Јавното претпријатие „Градски паркинг“ за набавка на 5 електромобили вложи 3,5 милиони денари, а за набавка на 10 електровелосипеди потроши 500.000 денари.

# СЕРТИФИКАТИ ЗА АВТО-ТАКСИ ВОЗАЧИТЕ

Градоначалникот Коце Трајановски на 13 јануари годинава им ги додели сертификатите на првите кандидати коишто ја завршија обуката и го положија испитот за добивање Сертификат за авто-такси возач во Скопје.

- Денеска им ги доделуваме првите сертификати за авто-такси возачи на кандидатите коишто ја завршија обуката и го положија испитот за добивање Сертификат за авто-такси возач во Скопје пред комисија составена од 5 члена - тројца овластени правни лица од Град Скопје и двајца од такси-компаниите. Градот Скопје се надева дека со добивањето на овие сертификати кандидатите ќе можат полесно да се вработат во такси-компаниите, ќе се воведе поголем ред во такси-превозот, ќе се зголеми безбедноста на патниците, ќе се зголеми квалитетот на услугата и ќе се елиминира нелојалната конкуренција - рече градоначалникот Трајановски.



До крајот на февруари годинава 315 кандидати добија Сертификат за авто-такси возач во Скопје. За да можат да го полагаат испитот за добивање сертификат за авто-такси возач во Скопје кандидатите претходно треба да завршат обука за авто-такси возачи кај овластени правни лица од градоначалникот на Град Скопје. Право на полагање на испитот за добивање сертификат за авто-такси возач во Скопје имаат сите физички лица кои поседуваат Потврда за завршена обука издадена од овластеното правно лице и возачка дозвола за Б категорија.

# ШУТО ОРИЗАРИ ЌЕ ДОБИЕ НОВ ВОДОВОД



Градот Скопје, Министерството за финансии и Општината Шуто Оризари на 21 ноември 2014 година потпишаа договор за финансирање на изградбата на систем за водоснабдување во општина Шуто Оризари. Изградбата на водоводот во Шуто Оризари претставува заеднички проект на Град Скопје, ЈП „Водовод и канализација" и Општина Шуто Оризари, со вкупна вредност од околу 242 милиона денари.

- Во финансирањето на овој проект Градот Скопје и ЈП „Водовод и канализација" ќе покријат по 40 насто од средствата, а Општината Шуто Оризари – 20 насто од потребните средства. Очекувам наредната 2015 година, пред почетокот на летото, да почне изградбата на новиот водоснабдителен систем – рече градоначалникот Коце Трајановски, на потпишувањето на договорот.

Министерот за финансии, Зоран Ставревски, објасни дека средствата за изградба на новиот водоснабдителен систем во Шуто Оризари се обезбедени од Светската банка со исклучително поволна каматна стапка, со грејс период од три години и рок на отплата од 13 години.

За изградбата на новиот водоснабдителен систем во Шуто Оризари Градот Скопје ќе ги обезбеди финансиските средства по пат на долгорочен домашен под-заем во рамките на средствата обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка за што и Советот на Град Скопје донесе Одлука за долгорочно задолжување.

Новопланираниот систем ќе опфати изградба на резервоар од 4 350 кубни метри, пумпна станица и цевковод со должина од 2,3 километри.

# НОВА ВОДОВОДНА МРЕЖА НА УЛИЦАТА СКУПИ



Екипите на ЈП „Водовод и канализација" изградија нова водоводна мрежа по дел од улицата Скупи, во населеното место Злокуќани, општина Карпош. Новиот водовод овозможи поквалитетно водоснабдување за околу 2.000 жители во овој дел од градот.

На терен се вградени полиетиленски цевки со профил Ф 110 милиметри, во должина од 293 метри. Овој градежен зафат е само дел од активностите на ЈП „Водовод и канализација" за подобрување на водоснабдувањето во Скопје. За изградба на новата водоводна мрежа на улицата Скупи ЈП „Водовод и канализација" потроши околу 4 милиони денари.

# ПОКВАЛИТЕТНО ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА УЛИЦИТЕ ШИНДАРОВСКА И СЕРДАРОТ

Стотина домаќинства добија подобро водоснабдување со реконструкцијата на водоводната мрежа по улиците Шиндаровска и Сердарот, во Драчево, што се одвиваше во текот на изминатава есен.

- Со реконструкцијата на оваа водоводна мрежа е решен долгогодишниот проблем со слабиот притисок на водата со којшто се соочуваа граѓаните. На двете улици водоводната мрежа е реконструирана на вкупна должина од околу 860 метри – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Реконструкцијата на водоводната мрежа по улиците Шиндаровска и Сердарот е значајна инвестиција на ЈП „Водовод и канализација", а вложени се околу 8,5 милиони денари.



# СЕ ДОГРАДУВА ФЕКАЛНИОТ КОЛЕКТОР ВО ИНЏИКОВО

Во населеното место Инџиково во тек се градежните работи на третата фаза од фекалниот колектор. Трасата на фекалниот колектор е покрај автопатот Александар Македонски во правец кон стадионот „Борис Трајковски", па се до фекалната препумпна станица Маџари. Колекторот ќе се изведе од полиетиленски цевки со профил DN-800 милиметри, во должина од 679 метри, а досега се завршени 500 метри.

- Со изградбата на овој колектор ќе се реши проблемот со прифаќањето и одведувањето на фекалните отпадни води од месните заедници Тумба и Питу Гули, како и дел од населените места Чento и Камник. Новиот колектор ќе овозможи фекалните води по природен пат, без пумпи, да се слеваат во реката Вардар. Со реализацијата на овој капитален проект корист ќе имаат околу 30.000 жители – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Инвеститор на овој проект е ЈП „Водовод и канализација", а вредноста на инвестицијата е околу 12 милиони денари.





# САНИРАН ДЕФЕКТ НА КОЛЕКТОРОТ НА БУЛЕВАРОТ КОЧО РАЦИН



Екипите на ЈП „Водовод и канализација" во мај минатата година отстранија голем дефект на фекалниот колектор на булеварот Кочо Рацин, во близина на зградата на „Црвен крст". Во акцијата за чистење на колекторот беше вклучена и градежна механизација, вакуум цистерни и друга опрема за одзатнување, како и едно возило на Противпожарната бригада на Град Скопје.

За санирање на дефектот, екипите на ЈП „Водовод и канализација" претходно го одзатнаа истиот колектор во непосредна близина на Порта Македонија. Со тоа се овозможи проток на фекалните отпадни води и нормално функционирање на канализацискиот систем.

При одзатнувањето на колекторот беа извадени кабли од операторите поставени пред повеќе од 10 години, како и друг неразградлив материјал кои ја затнале цевката. Градот Скопје апелира до граѓаните да не фрлаат ѓубре и други материјали во атмосферскиот и фекалниот канализациски систем, а операторите внимателно да поставуваат нови инсталации за да се избегнат вакви дефекти и непријатности во иднина.

# ПОДЗЕМНИ КОНТЕЈНЕРИ ВО АЕРОДРОМ, КИСЕЛА ВОДА И ВО ГАЗИ БАБА

Жителите на општините Аеродром, Кисела Вода и Гази Баба од минатиот месец добија можност отпадот од домаќинствата да го одлагаат во подземни контејнери и да селектираат.

Во општината Аеродром подземните контејнери се поставени на три локации - на булеварот Февруарски поход; на булеварот Јане Сандански, кај ТЦ „Три бисери“ и на булеварот Јане Сандански, кај ТЦ „Капитол“. На секоја локација се поставуваат по три подземни контејнери со зафатнина на секој контејнер од три кубни метри, од кои два се за мешовит отпад од домаќинствата и еден контејнер е за ПВЦ амбалажа. Вкупната инвестиција за овој проект изнесува 6,6 милиони денари и во неа подеднакво, со по 2,2 милиона денари, учествуваат Градот Скопје, ЈП „Комунална хигиена“ и Општина Аеродром.



Подземни контејнери во општината Аеродром

Во општината Кисела Вода се поставени подземни контејнери на три локации, и тоа во населбата Драчево; кај ОУ „Круме Кепески“ и на улицата Михаил Чаков, кај ОУ „Невена Георгиева Дуња“. За реализација на овој проект се издвоени вкупно 6,6 милиони денари, односно, со по 2,2 милиона денари, учествуваат Градот Скопје, Општина Кисела Вода и ЈП „Комунална хигиена“.



Во општината Гази Баба, исто така, се поставени подземни контејнери на три локации: во населбата Железара, на улицата Гемиџиска; во населбата Ченто (последна автобуска станица на бројот 45, кај зградите) и во населбата Автокоманда (кај пензионерскиот дом). На секоја локација се поставени по три подземни контејнери. За овој проект се издвоени 6,6 милиони денари, односно, со по 2,2 милиона денари, учествуваат Градот Скопје, Општина Гази Баба и ЈП „Комунална хигиена“.

Празнењето на подземните контејнери е на хидрауличен погон, за што ќе се употребуваат три од постојните возила на ЈП „Комунална хигиена“, коишто се специјално надградени за оваа намена.

# СЕ ЗАМЕНУВААТ СТАРИТЕ МЕТАЛНИ КОНТЕЈНЕРИ

Во јуни 2014 година почна замената на постојните метални контејнери, што се поставени на градските улици, со нови пластични контејнери, со зафатнина од 1,1 кубен метар.

Јавното претпријатие „Комунална хигиена“ набави 450 пластични контејнери за мешовит отпад (зелен контејнер со зелен капак) и 50 пластични контејнери за PVC амбалажа и лименки (зелен контејнер со жолт капак) за што потроши околу 7,5 милиони денари. Овие контејнери се поставуваат пред јавните институции и на градските улици и булевари, според претходно изготвен план.



# 13 НОВИ СПЕЦИЈАЛНИ ВОЗИЛА ЗА ЈП „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА“



Јавното претпријатие „Комунална хигиена“ во мај 2014 година се поднови со 13 нови специјални возила кои во голема мера ја подобрија услугата на ова јавно претпријатие спрема граѓаните.

- Ми претставува особено задоволство што ЈП „Комунална хигиена“ стана финансиски стабилно претпријатие кое квалитетно ги извршува поставените задачи и успеа со свои средства да набави нова опрема за своите потреби. Тоа беше заложба на Градот Скопје уште во 2009 година, кога јас ја преземав функцијата градоначалник на Град Скопје. Градот Скопје и во иднина ќе ја следи и поддржува работата на ЈП „Комунална хигиена“, за да се подобри процесот на подигање на отпадот и од зоните со колективно и од зоните со индивидуално домување, дури и од најоддалечените делови на градот. Во 2009 година ЈП „Комунална хигиена“ го затекнавме со 6 стари возила кои го опслужуваа целиот град, а денес ова јавно претпријатие има над 70 нови возила – нагласи градоначалникот Трајановски, на промоцијата на новата механизација.

Трајановски ги промовира 5-те типа нови возила за потребите на ЈП „Комунална хигиена“, и тоа:

1. две специјални комунални возила - цистерни за машинско и рачно миење на јавни површини, со капацитет на цистерната од 7м3. Набавени се со грант од Светската банка за Градот Скопје, и нивната вредност е околу 9,5 милиони денари.

2. три специјални комунални возила за транспорт на садови за отпад – контејнери од 1,1м3. Набавени се со средства на ЈП „Комунална хигиена“.

3. две специјални мултинаменски комбинирани возила со придружна опрема - опрема за чистење снег, опрема за расфрлање сол, приклучок ровокопач, како и приклучок грејдер за рамнење. Набавени се со средства на ЈП „Комунална хигиена“.

4. две специјални возила рол-кипери, наменети за подигање и транспорт на прес-контејнери. Овие возила се набавени со средства на ЈП „Комунална хигиена“.

5. Четири возила за празнење контејнери со зафатнина од 1,1 кубен метар наменети за подигање на отпадот од тесните улички. Вредноста на овие возила изнесува околу 24 милиони денари, средства од ЈП „Комунална хигиена“.

- Вкупната инвестиција во ЈП „Комунална хигиена“ овојпат изнесува околу 55 милиони денари – нагласи градоначалникот Коце Трајановски.





# ДРВОРЕД НАМЕСТО ДИВАТА ДЕПОНИЈА ВО ШУТО ОРИЗАРИ

Екипите на Градот Скопје и на ЈП „Комунална хигиена" ја расчистија големата дива депонија на улицата Гарсија Лорка, во Шуто Оризари, при што беа отстранети над 1.500 кубни метри мешан отпад. По расчистувањето на теренот вработени во ЈП „Паркови и зеленило" засадија над 100 зимзелени дрвја и грмушки, со што овој простор доби нов и уреден лик.







## ИСЧИСТЕНИ ДИВИТЕ ДЕПОНИИ ВО ТОПААНА...

На 30 јуни 2014 година, екипите на ЈП „Комунална хигиена" ги расчистија дивите депонии на три локации во населбата Топаана. Отстранети беа околу 25 кубни метри отпад.

Во текот на наредните неколку дена, Еко-патролата на ЈП „Комунална хигиена", во соработка со комуналните редари на Градот Скопје, организираше дежурства на терен и реализира повеќе едукативни разговори за правилен третман на комуналниот отпад со граѓаните што беа забележани како директно го прекршуваат Законот за јавна чистота.

## ... И ВО ВИЗБЕГОВО

Акција за чистење на дивите депонии и за метење на улиците во март 2014 година беше спроведена и во населбата Визбегово. Екипите на ЈП „Комунална хигиена" во оваа акција исчистија околу 190 кубни метри отпад.





## САНИРАНА КОСИНАТА ВО МИНОР КОРИТОТО НА ВАРДАР

Екипите на ЈП „Улици и патишта", по налог на Град Скопје, го санираа минор коритото на реката Вардар, на левата косина, во близина на мостот „Тодор Александров". Во текот на градежните работи беа вградени околу 20 кубни метри камен измешан со речен песок и земјен материјал, којшто потоа машински и рачно беше подреден за да се стабилизираат косините на коритото.

За да се подобри функцијата и за да се разубави кејот на реката Вардар, оваа пролет се планира коритото на реката да се дооформи со бетонирање на предниот дел, а во горниот дел да се уреди тревната површина.

Косината на минор коритото на реката беше оштетено од несовесни граѓани кои го украле камениот материјал, а со обилните врнежи од дожд на почетокот на годинава косината дополнително се оштети.

# ИСЧИСТЕН ЛОКАЛНИОТ ПАТ МАЏАРИ-ХИПОДРОМ-ИЛИНДЕН...

Во заедничка акција на Градот Скопје, Општината Гази Баба и Општината Илинден минатата пролет беше уредено зеленилото од двете страни на локалниот пат Маџари- Хиподром –Илинден. Работниците ги искастрија и обликуваа крошните на дрвјата, ги отстранија старите, заболени и исушени гранки и гранките што излегуваа на коловозите и претставуваа опасност за минувачите и учесниците во сообраќајот. Беше отстрането и дивоизраснатото зеленило по должината на патот.

Во оваа акција, со багер беа исчистени наносите на земја од двете страни на коловозот коишто го попречуваа нормалното одвивање на сообраќајот.

На терен работеа екипи на ЈП „Паркови и зеленило“, ЈП „Комунална хигиена“ и екипи на комуналните претпријатија од Општината Гази Баба и од Општината Илинден. Беа собрани околу 40 кубни метри суви гранки, трева и отпад.





## ... И ФИНСКО-ИНЏИКОВСКИОТ КАНАЛ

Екипите на ЈП „Улици и патишта“ во ноември 2014 година го исчистија Финско-инџиковскиот канал во општината Гази Баба.

Каналот беше исчистен машински, во должина од 1 150 метри и притоа беа исчистени околу 2.200 кубни метри наноси на земја, комунален отпад и вегетација.

# РЕДОВНО СЕ ЧИСТАТ КОРИТАТА НА ВАРДАР И НА СЕРАВА

Градот Скопје организира редовни акции за чистење на коритата на реките Вардар и Серава, како и на отворените канали. Во текот на 2014 година беше посветено особено внимание на делот од коритото на реката Вардар од мостот „Обединети нации“ до мостот „8 Септември“, при што беше отстранет разновиден комунален отпад, градежен шут, наноси и вегетација, а исчистени беа и косините на коритото. Се чистеше и коритото на реката Вардар од паркот „Аеродром“ кон железничкиот мост во Горно Лисиче.



Екипите на Град Скопје го чистеа и коритото на реката Серава на потегот од мостот на булеварот Словенија до скопскиот Аквадукт, како и на потегот од обиколницата до улицата Боца Иванова.

Рачно беа исчистени и Усјанскиот канал, каналот кај болницата во Козле, како и каналот во Крушопек.

# ПРОЛЕТНО ЧИСТЕЊЕ НА ГРАДСКИОТ ПАРК



Зелените површини во Градскиот парк беа целосно уредени во големата пролетна акција што ја спроведоа екипите на Град Скопје.

- Во рамките на акцијата за чистење и уредување, нашите екипи ги кроеја крошните на дрвјата и ги собираа паднатите листови, сувите гранки и отпадоците. Градот Скопје и во иднина ќе организира вакви акции за чистење и уредување на зеленилото и на патеките за да можат граѓаните да ги користат за прошетки, рекреација и дружење – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Освен уредувањето на зеленилото, во првиот дел од Градскиот парк, од тениското игралиште до мостот кај поранешната кафеана „Езерце“ рачно и машински беа исчистени 100 метри и беа отстранети 50 кубни метри лисја, комунален отпад, гранки и



мил. Во вториот дел од Градскиот парк, пак, се чистеше каналот на потегот од ресторанот „Балканика“ до мостот покрај оградата на Зоолошката градина, во должина од 630 метри.

Во текот на акцијата, работниците во вториот дел на паркот ги искроија крошните на 30 дрвја, а ги отстранија и старите, заболени и исушени гранки. Исечени беа и 6 тополи со измината физиолошка старост коишто претставуваа опасност за минувачите.

На терен работеа екипи на ЈП „Паркови и зеленило“ и ЈП „Улици и патишта“.

# ГОЛЕМА АКЦИЈА ВО КОМПЛЕКСОТ КЛИНИКИ „МАЈКА ТЕРЕЗА“



Во две големи акции, пролетна и есенска, екипи на Град Скопје минатата година ги чистеа и уредуваа зелените површини, улиците и пристапните патеки во Комплексот клиники „Мајка Тереза“.

Во двете акции работниците ги кроеја крошните на дрвјата, ги отстрануваа старите, заболени и исушени гранки кои претставуваа потенцијална опасност за минувачите, а исекоа и неколку исушени стари дрвја.

Работниците ги метеа и миеја улиците и просторот околу клупите за седење, го отстранија сметот, ги чистеа зелените површини од паднатите лисја и сувата трева и ја искосија тревата.

Во акциите за чистење се вклучија екипите на ЈП „Комунална хигиена“, ЈП „Паркови и зеленило“ и ЈП „Градски паркинг“.

# 240 ДРВЦА ВО ПАРКОТ КРАЈ БУЛЕВАРОТ ФЕВРУАРСКИ ПОХОД

Кај новите згради по должината на булеварот Февруарски поход екипите на Градот Скопје уредија зелен појас со површина од 13.197 квадратни метри. На новата зелена површина е засеана трева, а на Денот на дрвото беа засадени и 240 дрвца, меѓу кои јасени, каталпи, брези и келерутерии. Напролет, просторот ќе се украси и со цвеќиња.

На новата зелена површина претходно беше поставена хидрантска мрежа со должина од 780 метри; 117 прскалки; 18 хидранти; 16 шахти и во еден дел систем капка по капка. На терен работеа екипите на ЈП „Паркови и зеленило“. Градот Скопје за уредување на зеленилото по должината на булеварот Февруарски поход потроши околу 4,5 милиони денари.





# „ДЕН НА ДРВОТО 2014 ГОДИНА“



Како дел од акцијата „Ден на дрвото 2014“ на вкупно 18 локации во градот беа засадени 2.000 садници од видовите јавор, јасен, каталпа, платан, кедар, туја, албиција, келерутерија и бреза. Од нив, половината беа обезбедени од ЈП „Паркови и зеленило“, а другата половина од ЈП „Македонски шуми“.

Градоначалникот Коце Трајановски, членови на Советот на Град Скопје и директорите на јавните претпријатија на „Денот на дрвото“, 3 декември, засадуваа дрвца по должината на булеварот 8.Септември, на потегот од крстосницата со булеварот Илинден до крстосницата со булеварот Партизански одреди. На овој потег беа засадени 150 платани.



Акции за засадување дрвја се спроведоа и кај скопската тврдина Кале; на Водно, во дендропаркот; во населбата Драчево, во паркот на бранителите; по должината на булеварите Видое Смилевски Бато, Трета македонска бригада и Киро Глигоров, во заштитениот локалитет „Гази Баба“, кај кружниот тек во Бутел, во средишниот дел на булеварот Словенија, во паркот во општината Сарај и на други локации. Дополнително, скопските средношколци засадуваа дрвца на локација во Миладиновци.

# НОВ ПАРК СО ПОВРШИНА ОД 82.000 КВАДРАТИ ВО АЕРОДРОМ

Екипи на Градот Скопје уредуваат нов парк во населбата Аеродром, крај булеварот Февруарски поход, кој ќе биде со површина од околу 82.000 квадратни метри и ќе биде поголем од првиот дел на Градскиот парк.

Во паркот ќе се оформат трим патеки со чешмички за пиење вода, а ќе се поставаат и клупи за седење, корпи за отпадоци и друга урбана опрема. Ќе се уредат и две детски игралишта. По должината на





паркот ќе се поставаат летниковци коишто ќе им овозможат на граѓаните да уживаат во природа без разлика на временските услови.

На терен работат екипите на ЈП „Паркови и зеленило“, а за реализација на овој проект Градот Скопје ќе одвои околу 16 милиони денари.

Во новиот парк ќе се постави и хидрантска мрежа, со 1.000 метри перфорирано црево за системот капка по капка и со 450 прскалки со кои ќе се полева зеленилото. Наесен, во овој парк ќе се организира акција за засадување дрвца.

# АКЦИЈА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПАРК-ШУМАТА „ГАЗИ БАБА“

Акцијата за уредување на парк-шумата „Гази Баба“, во делот што гравитира кон општината Чаир е во тек. Екипите на ЈП „Паркови и зеленило“ деновиве ја расчистуваат дивоизраснатата вегетација кај игралиштата, во близина на куќите, се кастрат гранки, се сечат и отстрануваат старите и суви дрвја, се коси тревата и се отстранува сметот.

Екипите на ЈП „Улици и патишта“ градат нова трим патека во парк шумата „Гази Баба“ којашто ќе се протега од Природно-математичкиот факултет кон населбата Железара, од страната на Чаир. Патеката ќе биде долга 1.100 метри, а широка од 2,6 до 3 метри, во зависност од условите на теренот. Новата патека ќе се покрие со бела ризла. Во овој дел ќе се поставаат клу-





пи и корпи за отпадоци, ќе се уредат и три пункта со фитнес реквизити, видиковци, игралишта за деца и фонтана за пиење вода. Дополнително, покрај куќите, ќе се уреди и уште една трим-патека со должина од околу 600 метри, којашто ќе биде осветлена.

За уредување на овој дел од парк-шумата „Гази Баба“ Градот Скопје ќе вложи околу 4 милиони денари.

# УРЕДЕНО ЗЕЛЕНИЛОТО НА БУЛЕВАРОТ ВИДОЕ СМИЛЕВСКИ БАТО





Екипи на Градот Скопје уредија дел од зеленилото на булеварот Видое Смилевски Бато, во реонскиот центар Аеродром, коешто е со вкупна површина од 2 250 квадратни метри.

Откако се изврши прекопување на земјата и се постави систем за наводнување на зеленилото со 25 прскалки и три хидранти, површината се израмни и се насеа трева. Просторот е зазеленет со 150 дрвца, липи, брези, јавори и келерутерии.

На уредувањето на зеленилото работеа екипи на ЈП „Паркови и зеленило“.

# ДРВОРЕД ОД ТУИ НА БУЛЕВАРОТ НИКОЛА КАРЕВ

Екипи на Град Скопје го исчистија просторот и засадија вегетација на јавната зелена површина на булеварот Никола Карев, на потегот од касарната Илинден до семафорите кај Момин поток. Просторот кој беше дива депонија и од него беа отстранети над 100 кубни метри смет и шут, сега е уреден и на него се засадени 220 зимзелени садници од видот туја (Juniperus Comunis).

За хортикултурно уредување на просторот Градот Скопје од буџетот издвои 329.072 денари, а на терен работеа екипи на ЈП „Паркови и зеленило“.



# ДОДЕЛЕНИ 3 500 БЕСПЛАТНИ САДНИЦИ

Во акцијата за доделување бесплатни садници на сите заинтересирани урбани и месни заедници, куќни совети и образовни институции во 2014 година Градот Скопје додели 3 500 листопадни и зимзелени дрвца од ЈП „Паркови и зеленило“. Акцијата за доделување садници се организира веќе седум години во две етапи - напролет и наесен.

На куќните совети и образовните институции на коишто им беа одобрени барањата, им се доделени најмногу 10, а на урбаните и месните заедници по 15 садници.

# КАКО СЕ ТРОШАТ ВАШИТЕ ПАРИ

## Годишен финансиски извештај на Град Скопје, 2014 година



*Проширен булеварот Трета македонска бригада - прв дел*

| | ОСНОВЕН БУЏЕТ | Извршување 31.12.2014 |
|---|---|---|
| ВКУПНИ ПРИХОДИ 2014 год. | 3.138.000.000 | 2.242.341.629 |
| Даночни приходи | 1.823.000.000 | 1.787.457.068 |
| Неданочни приходи | 151.000.000 | 131.189.049 |
| Трансфери | 100.000.000 | 92.699.144 |
| Продажба на хартии од вредност | 0 | 2.550.000 |
| Капитални приходи | 1.064.000.000 | 228.446.368 |




| | ОСНОВЕН БУЏЕТ | Извршување 31.12.2014 |
|---|---|---|
| ВКУПНИ РАСХОДИ 2014 година | 3.138.000.000 | 2.207.062.354 |
| - | - | - |
| Капитални инвестиции | 1.514.001.000 | 842.159.912 |
| Одржување на комунални објекти и инфраструктура | 841.500.000 | 735.129.175 |
| Трошоци за администрација и Совет на Град Скопје | 522.973.000 | 444.748.290 |
| Извршување на надлежности од јавен интерес | 259.526.000 | 185.024.977 |



| | Извршено до 31.12.2014 |
|---|---|
| I. Капитални инвестиции | 842.159.912 |
| КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ГРАД СКОПЈЕ | 31.184.122 |
| Купување друга опрема | 46.033 |
| Купување канцелариски мебел | 14.476 |
| Изградба на деловни објекти ГРАДСКА КУЌА | 19.020.085 |
| Надзор над изградбата на ГРАДСКА КУЌА | 29.060 |
| Купување информатичка и видеоопрема | 2.619.750 |
| Компјутерски софтвер- е совет, интегриран систем, ДМС, ГИС 3-та фаза | 9.454.718 |
| УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ | 58.080.654 |
| Проекти за Изградба на пристапни улици | 1.457.064 |
| Изградба на улици, патишта и автопати | 25.386.622 |
| Изградба на комунална инфраструктура | 31.236.968 |
| ИЗГРАДБА НА КОМЕРЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ | 271.372.853 |
| Набавка на опрема за катни гаражи (лифтови) | 2.082.000 |
| Изградба на катни гаражи - ДАМЕ ГРУЕВ | 181.375.235 |
| Изградба на катни гаражи - МИТО ХАЏИВАСИЛЕВ ЈАСМИН | 85.440.990 |
| Надзор над изградбата на катната гаража ДАМЕ ГРУЕВ | 2.401.108 |
| Надзор над изградбата на МИТО ХАЏИВАСИЛЕВ ЈАСМИН | 73.520 |
| ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ | 5.956.431 |
| Проектирање, ревизија и изведба на гасификација на средни училишта | 5.956.431 |
| ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ | 13.249.699 |
| Изградба на јавно осветлување | 10.200.341 |
| Илуминација на споменици, спомен обележја, скулптури и фонтани | 3.049.358 |
| ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА МАГИСТРАЛНИ И СОБИРНИ УЛИЦИ | 271.340.100 |
| Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на улици, патишта и на автопати | 32.444.878 |
| Ревизија на проекти, контролни испитувања и консултантски услуги | 3.776.000 |
| Реконструкција и изградба на тротоари, плоштади и на фонтани | 15.323.785 |
| Реконструкција на бул. Илинден 2-ра и 3-та фаза | 10.720.044 |
| Доизградба на бул.Партизански одреди до црквата „Свети Петар и Павле“ | 14.629.067 |
| Реконструкција на ул. Митрополит Теодосиј Гологанов | 23.205.565 |
| Реконструкција на мостови (конструкција, коловоз, тротоари, огради, дилатациони фуги и осветлување) | 37.834.177 |
| Булевар III Македонска бригада I и II фаза со кружен тек | 56.904.172 |
| Реконструкција на ул.Јордан Мијалков (Железничка) | 480.101 |
| Реконструкција на автобуски стојалишта и улици | 12.321.269 |
| Надзор над изградбата | 12.863.796 |
| Експропријација на земјиште за изградба на улици | 32.071.156 |
| Надомест за одземен имот за изградба на улици | 888.480 |
| Реконструкција на ул. Борис Трајковски | 17.877.610 |
| ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА | 21.968.645 |
| ДДВ за компјутерска и друга опрема за ЦУКС | 18.730.090 |
| Подготвување сообраќајни проекти и ревизии | 3.238.555 |

| | |
|---|---|
| ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ | 2.301.940 |
| Изградба на главни доводни системи за водоснабдување | 2.301.940 |
| ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ | 58.751.274 |
| Проекти за фекални и атмосферски канализации | 12.167.389 |
| Изградба на атмосферска канализација МЗ Бајрам Шабани II фаза | 998.341 |
| Изградба на атмосферска канализација за Гробишта Бутел | 3.384.934 |
| Изградба фекална канализација на патот од с.Трубарево до Идризово | 12.380.411 |
| Изградба на пречестителна станица Волково | 29.820.199 |
| ЈАВНА ЧИСТОТА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ) | 140.331 |
| Набавка на возила за ЈП Комунална хигиена | 140.331 |
| ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ) | 4.198.490 |
| Изградба на објекти - фасади | 4.198.490 |
| ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ) | 47.637.237 |
| Реконструкција и подигнување на јавно зеленило на магистрални улици и во паркови | 44.660.775 |
| Пошумување-доделување садници на граѓани/установи/МЗ | 1.265.630 |
| Реконструкција на пешачка патека од пештерата Врело до пештерата Убава | 1.710.832 |
| УРБАНА ОПРЕМА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ) | 1.388.199 |
| Купување клупи | 1.090.839 |
| Купување корпи за отпадоци | 297.360 |

| | |
|---|---|
| КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ) | 1.514.331 |
| Библиотека „Б. МИЛАДИНОВЦИ" - проекти и реконструкција, реновирање и санација на клонови на библиотеката | 1.200.000 |
| Реконструкција на покрив на УНИВЕРЗАЛНА САЛА | 219.931 |
| Дом на културата „КОЧО РАЦИН" - Изградба на нов покрив | 94.400 |
| СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ) | 6.575.860 |
| Проекти за пешачки и велосипедски патеки и мостови | 1.577.380 |
| Изградба на Скејт Парк | 4.998.480 |
| СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ) | 27.023.045 |
| Набавка на училишен мебел и опрема | 472.295 |
| Реконструкции на училишни згради и фискултурни сали | 19.162.319 |
| Инсталирање уреди за заштита од атмосферски празнења | 7.388.431 |
| ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ) | 14.652.378 |
| Уредување на Гази Баба | 512.000 |
| Уредување на парк шума Водно | 803.900 |
| Реализација на посебен план за Водно | 1.495.100 |
| Замена на азбестно цементни плочи на средните училишта на Град Скопје (СУГС) | 11.841.378 |
| СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ДЕЦА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ) | 4.824.323 |
| Унапредување на пристапноста во Град Скопје - СУГС И ФИСКУЛТУРНИ САЛИ | 4.824.323 |



*Кружен тек на булеварот Партизански одреди во Ѓорче Петров*



*Проширување на булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов - 3 фаза*



*Електромобили и електровелосипеди*


*Реконструкција на средните училишта*

| | Извршено до 31.12.2014 |
|---|---|
| II. Одржување на комунални објекти и инфраструктура | 735.129.175 |
| Урбанистичко планирање | 65.581.666 |
| Уредување градежно земјиште | 15.840.251 |
| Одржување урбана опрема | 21.933.796 |
| Јавно осветлување | 111.398.137 |
| Јавна чистота | 12.503.133 |
| Јавен локален превоз на патници | 166.200.000 |
| Одржување локални улици и патишта | 199.165.824 |
| Јавно зеленило | 19.327.854 |
| Други комунални услуги | 116.326.514 |
| Одржување простор за паркирање | 6.852.000 |

| | Извршено до 31.12.2014 |
|---|---|
| III.Трошоци за администрација и Совет на Град Скопје | 444.748.290 |



Скејт-парк на кејот на Вардар

| | Извршено до 31.12.2014 |
|---|---|
| IV. Извршување на надлежности од јавен интерес | 185.024.977 |
| Поддршка на локален економски развој | 5.417.560 |
| Поттикнување развој на туризмот | 1.986.622 |
| Плати за вработени и надоместоци за управни одбори- институции од област на култура под надлежност на Град Скопје | 9.747.219 |
| Културни манифестации и творештво | 48.282.032 |
| Спорт и рекреација | 9.953.339 |
| Средно образование | 18.561.069 |
| Заштита на животна средина и природа | 8.265.057 |
| Здравствена заштита | 450.000 |
| Домови за стари лица (Програма за социјална заштита) | 56.753.552 |
| Прекугранична соработка | 502.998 |
| Противпожарна заштита (тековни расходи) | 25.105.529 |



Манифестација „Види музика - слушни слика - добиј книга“



Годишен финансиски извештај на Град Скопје, 2014 година
Април 2015 година
Подготви: Сектор за финансиски прашања на Град Скопје





# 32.000 КВАДРАТИ ЗЕЛЕНИЛО ВО ПАРКОТ „МАКЕДОНИЈА“ 2

Уредувањето на вториот дел од паркот „Македонија“ што се протега по должината на булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов, од улицата Братфордска, преку новоотворената улица, па се до индивидуалните куќи, тече според предвидената динамика. На овој потег ќе се уреди парковска површина поголема од 32.000 квадратни метри, за што Градот Скопје ќе вложи околу 15 милиони денари.

На терен деновиве се поставува хидрантска мрежа со прскалки со кои ќе се полева зеленилото и планираните 400 садници коишто ќе се засадат на оваа површина.

Ќе се изгради и една трим патека покриена со бела ризла и една асфалтирана патека со клупи за седење, корпи за отпадоци и друга урбана опрема. По должината на трим патеката ќе се формираат површини коишто граѓаните ќе можат да ги користат за одмор и рекреација, а во еден дел ќе се поставаат и фитнес-реквизити за вежбање.

Во паркот ќе има и содржини наменети за децата, односно ќе се постават детски реквизити направени од дрво, еко-реквизити и летниковци.

На уредувањето на новата зелена површина работат екипите на ЈП „Паркови и зеленило“ и на ЈП „Улици и патишта“.

# ПРВ СКОПСКИ ЦВЕТЕН ФЕСТИВАЛ

Вториот дел од Градскиот парк на 17 и на 18 мај 2014 година пулсираше во мноштво бои и изобилуваше со цвеќиња, цветни аранжмани и цветни инсталации како дел од првиот Скопски цветен фестивал. Скопјани во голем број ги посетија штандовите на изложувачите на цвеќе, купуваа цвеќиња и цветни аранжмани по намалени цени и учествуваа во многубројните активности и работилници. Стручни лица од ЈП „Паркови и зеленило“ и од другите фирми учеснички на овој фестивал им пренесуваа искуства на граѓаните како правилно да ги расадуваат и да ги негуваат цвеќињата.

За организација на овој прв Скопски цветен фестивал Градот Скопје потроши околу 1,2 милиони денари.







# ЦВЕТНА ТОПКА ГО УКРАСИ БУЛЕВАРОТ ВМРО

Екипите на Градот Скопје поставија цветна топка во средишното зеленило на булеварот ВМРО, пред објектот на „Македонска пошта“. Цветната фигура е изработена од 1495 црвени бегонии, а постаментот го сочинуваат 1420 бели бегонии.

За наводнување на цветната топка е поставен комплетен автоматски систем за полевање.

Две пеперутки, два лебеда и два штрка од цвеќиња во текот на изминатото лето ги „населија“ јавните градски површини и ја украсија околината. Цветните фигури ги изработија екипите на ЈП „Паркови и зеленило“.



# 10.000 РОЗИ ЗА ПОУБАВО СКОПЈЕ

Десет илјади бели рози ги разубавија јавните површини на повеќе локации низ градот како дел од големата пролетна акција на Градот Скопје и на Министерството за животна средина и просторно планирање „Македонија земја на цвеќето - Земја на розата“.

- Градот Скопје активно се вклучи во оваа голема еколошка акција за засадување рози. Познато е дека розите се растенија кои имаат најголема апсорбирачка моќ на тешките метали од почвата, па со оваа акција освен што ќе се разубави просторот, ќе придонесеме и за поздрава и почиста животна средина. На повеќе локации низ Скопје се засадија вкупно 10.000 рози од кои 7.000 рози обезбеди Град Скопје, а 3.000 рози се донација од Цементарницата Усје. Дел од розите се засадени во средишното зеленило на булеварите, во парковите, на кружните текови и на другите јавни зелени површини. На терен работеа екипите на ЈП „Паркови и зеленило“ – објаснува градоначалникот Коце Трајановски.

Акцијата за засадување бели рози на јавните површини беше дел од традиционалната градска манифестација „Денови на пролетта - Денови на екологијата“ и се реализираше по должината на булеварите Видое Смилевски Бато, Србија, Јане Сандански, Гоце Делчев, Илинден, ВМРО, Партизански одреди, Крсте Мисирков, Александар Македонски и на булеварот Христијан Тодоровски Карпош, како и на улиците Самоилова (кај тврдината Кале), Александар Урдаревски, Боца Иванова и на улицата Втора македонска бригада. Рози беа засадени и во парковите „Македонија“ и „Жена Борец“, пред Градската болница, кај Судската палата, кај клучката „Детелинка“, на кружниот тек кај црквата „Свети Петар и Павле“ во Ѓорче Петров и на други локации.



# НАГРАДИ ЗА НАЈГОЛЕМ ПРИДОНЕС ЗА ЗАШТИТА НА СРЕДИНАТА



Градоначалникот Коце Трајановски на 11 јуни 2014 година ги додели наградите на најдобрите во традиционалниот градски конкурс за избор на најеколошка компанија, најголем придонес во областа на заштитата на животната средина, најубаво уреден двор на куќа, зграда и институција и најубав состав и цртеж на тема екологија за учениците од основните и од средните училишта во Скопје.

На традиционалниот конкурс на Град Скопје за оваа година наградени се:

I. Категорија: Најеколошка компанија

„Раде Кончар" – Скопје. Компанијата Раде Кончар – Сервис го реализираше проектот „ЕКО ЗРАК НА БАЛКАНОТ", кој претставува проект за заштита на животната средина, преку редукција и елиминација на штетни состојки во трансформаторското масло.

II. Категорија: Најголем придонес за заштита на животната средина и природата

Ѓорги Селков, за организирање на манифестација „Часот на планетата Земја".

III. Категорија: Најубаво уреден двор

1. Двор во индивидуално домување

Борис и Наташа Михајлоски, за двор во општината Карпош.

2. Двор во колективно домување

Објект на улица Кленоец.

3.Најубаво уреден двор на институција

СУГС „Здравко Цветковски".

IV. Категорија: Најубав состав на тема екологија

За основно образование, наградата ја делат учениците:

1.Вања Милческа VII4 одделение, ОУ „Крсте Мисирков"

2.Георгина Стефановска VIa, ОУ „Блаже Коневски"

За средно образование:

1.Стојан Стојчевски, ПСУ „Алгоритам Центар"

V. Категорија: Најубав цртеж на тема екологија

За основно образование наградата ја делат ученичките

1.Теа Божиновска IIIa одделение, ОУ „Владо Тасевски"

2.Матеа Шутарова VII одделение, ОУ „Лазо Трповски"

За средно образование

1.Ања Петковска, СУГС „Кочо Рацин"







# ЕВРОПСКА НЕДЕЛА НА МОБИЛНОСТ ВО СКОПЈЕ

Големо дефиле на велосипеди, едукативни работилници, промоции, предавања и акции за промоција на алтернативните видови транспорт беа само дел од активностите со кои Градот Скопје ја одбележа Европската недела на мобилност 2014 - масовната еднонеделна кампања за одржливо движење и почиста средина. Пристапницата за учество во Европската недела на мобилност 2014, во име на Град Скопје, градоначалникот Коце Трајановски ја потпиша на 16 септември, со што и официјално почна оваа кампања. Мотото на ЕНМ годинава беше „Нашите улици – наш избор“.

Како дел од Европската недела на мобилност децата од градинката „Весели цветови“ во Кисела Вода, објект „Кокиче“, учеа да возат велосипед, играа и пееја за животната средина. Ученици од АСУЦ „Боро Петрушевски“ се запознаа со работата на Центарот за управување и контрола на сообраќајот (ЦУКС). Средношколци од СУГС „Кочо Рацин“, пак, го посетија Музејот на автобуси во автобазата на ЈСП во Ѓорче Петров и се информираа за придобивките од користењето јавен транспорт. Шеесетина средношколци од СУГС „Боро Петрушевски“ и од СУГС „Михајло Пупин“ ја покажаа својата умешност во вешто возење велосипеди на полигонот на СУГС „Боро Петрушевски“. Беше промовирана и новата андроид апликација „Патувај зелено“, преку која граѓаните во реално време може да добиваат информации за сообраќајните текови во градот и да го одберат најкраткиот, најекономичниот и најеколошкиот начин за да стигнат до саканата дестинација. Апликацијата „Патувај зелено“ е бесплатна.

Скопје беше домаќин и на иницијативата „Тесла конвој 2014“, а пред македонската јавност беше претставено електричното возило „Тесла модел С“.

На 22 септември неколку илјади граѓани, ученици, рекреативци и вљубеници во велосипедизмот учествуваа во големото дефиле на велосипеди што по градските улици се возеше по повод Денот без автомобили и крајот на Европската недела на мобилност. Дефилето го предводеа градоначалникот Коце Трајановски, заменик-министерот за животна средина, Стево Темелковски и заменик-амбасадорот на Европската унија во нашава земја, Роберт Лидл. Дваесет најсреќни учесници во велосипедското дефиле преку лотарија добија велосипеди, донација од Градот Скопје, МЖСПП, Цементарница „Усје“, РЖ Институт и ONE.





# СКОПЈЕ СЕ ЗАТЕМНИ ЗА ЧАСОТ НА ПЛАНЕТАТА







Градот Скопје стана горд член на големото семејство светски метрополи коишто на 29 март 2014 година, од 20:30 до 21:30 часот го поддржаа глобалното движење „Часот на планетата Земја“ и ги исклучија светилките на најрепрезентативните градски објекти. Скопје им се придружи на Лондон, Париз, Тајпеј, Њујорк, Москва и уште многу градови од 154 земји низ светот, и испрати јасна порака за штедење на енергетските ресурси и за намалување на климатските промени.

Во времетраење од еден час, во Скопје беше исклучено уличното осветлување на плоштадот „Македонија“, илуминацијата на скопската тврдина Кале, Камен мост, Ристиќева палата и објектот „Пелистер“. На плоштадот „Македонија“ со запалени свеќи беше формиран бројот 60+, како симбол за шеесетминутното штедење на енергетските ресурси.

Планетарното движење „Час на планетата Земја“ е поддржано од организацијата WWF (World Wildlife Fund), а Република Македонија и Градот Скопје добија своја секција на официјалниот портал на движењето http://www.earthhour.org/macedonia



# РЕКАТА ТРЕСКА ПОРИБЕНА СО ЕНДЕМСКА ПАСТРМКА

Во организација на Град Скопје, Глобалниот фонд за заштита на животната средина и природата, Институтот за сточарство-Одделението за рибарство и Македонската риболовна федерација, во декември, во водите на реката Треска беа пуштени 5.000 парчиња македонска ендемична пастрмка (Salmo macedonikus- Karaman, 1924).

Целта на овој проект е да се овозможи заштита на македонската пастрмка и зголемување на бројноста на нејзината популација во реката Треска и во акумулациите Матка, Света Петка и Козјак.

## Денови на енергетска ефикасност 2014

# СУГС „ЈОСИП БРОЗ-ТИТО“ - ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНО УЧИЛИШТЕ







СУГС „Јосип Броз - Тито“ стана енергетски ефикасно училиште. Училишната зграда изминатава есен доби нова енергетски ефикасна фасада и покрив, а заменети се и прозорците.

- Новата фасада е направена со финансиска поддршка од УНДП и чини 3.905.717 денари, во кои Градот Скопје учествува со 2.331.300 денари. Со преземањето на овие мерки за енергетска ефикасност се предвидува заштеда на енергијата од околу 30%, подобрување на амбиенталната температура во просториите и намалување на внесената енергија за загревање. Градот Скопје досега изврши гасифиција на две средни училишта, СУГС „Георги Димитров“ и СУГС „Здравко Цветковски“, а во тек е и гасификацијата на СУГС „Зеф Љуш Марку“ и СУГС „Арсени Јовков“. Средствата коишто се инвестираат во овој проект се враќаат за помалку од две години, а имаме заштеда од околу 50% - истакна градоначалникот Коце Трајановски, на промоцијата на ова енергетски ефикасно училиште, во рамките на Деновите на енергетска ефикасност 2014.

Деновите на енергетска ефикасност 2014, кои се одржаа од 25 до 27 ноември, финансиски ги поддржа ГИЗ, а опфатија повеќе настани и случувања. Во СУГС „Боро Петрушевски“ учениците претставија велосипед кој при своето движење полни мобилни телефони, а Градот Скопје ја промовира апликацијата „Патувај зелено“ и велосипедските патеки во градот. Во Младинскиот културен центар, пак, се одржа филмски фестивал на тема енергетска ефикасност.

Во текот на Деновите на енергетска ефикасност на граѓаните им се делеа едукативни материјали за енергетска ефикасност, во центарот на градот.

# СТУДИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА

Изработката на Студијата за финансирање, изградба и работа на пречистителна станица за отпадни води за Скопје е во тек, а деновиве се разгледуваат најповолните технологии за третман на отпадните води. Студијата треба да биде завршена во септември годинава и треба да го дефинира најдобриот пристап за финансирање, изградба и управување со станицата за третман на отпадни води која ќе опслужува 600.000 жители, преку избор на најсоодветна финансиска и технолошка шема за спроведување на работите. Изработката на студијата е финансиски поддржана од Фондот за студии и помош во приватниот сектор – ФАСЕП и француската Влада во висина од 729.000 евра.



Меморандумот за разбирање за изработка на Студијата за финансирање, изградба и работа на пречистителна станица за отпадни води за Скопје градоначалникот Коце Трајановски, министерот за животна средина и просторно планирање, Нурхан Изаири и претставникот на компанијата ЕГИС Еау од Франција, Бруно Оливие, го потпишаа на 9 септември 2014 година.

# 33,5 МИЛИОНИ ДЕНАРИ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

Замената на покривите и на столаријата, санацијата на подовите и на санитарните јазли беа само дел од градежните зафати што изминатото лето беа извршени во 15 објекти на средните училишта на Град Скопје за да се подобрат условите во кои учат средношколците. За обнова и реконструкција на зградите на средните училишта Градот Скопје одвои околу 33,5 милиони денари, односно 18,5 милиони денари за реконструкција на објектите и 15 милиони денари за замена на азбестните покриви.

- Во СУГС „Михајло Пупин" се работеше на санирање на санитарните јазли и на замена на азбестниот покрив, со што ќе ја подобриме енергетската ефикасност на училишниот објект. Во текот на летото во 4 училишта се заменуваше столаријата, во 3 училишта се санираа подовите во училниците, во 3 училишта се санираа санитарните јазли, во 1 училиште се реконструираа кабинетите и во 1 училиште се реконструираше подот во фискултурната сала. Екипите на Градот Скопје поставија и громобрани на објектите на 18 средни училишта на Град Скопје, поточно, се поставуваа системи за заштита од атмосферски празнења со фаќач за уред за рано стартување. За овој значаен проект, кој овозможи заштита на училишните згради од електричните празнења од атмосферата и од штети, Градот Скопје потроши околу 8,7 милиони денари. Сакам да нагласам дека Градот Скопје, со цел да ги подобри условите за учење на учениците, како и условите за работа на наставниците, од 2009 до 2013 година за реконструкција на средните училишта од Буџетот има издвоено 132 милиони денари - истакна градоначалникот Коце Трајановски, при посетата на СУГС „Михајло Пупин".

Во текот на минатото лето се работеше и на замена на азбестно-цементниот покрив на интернатот ЈУУДГС „Здравко Цветковски", во СУГС „Панче Караѓозов" беше извршена реконструкција на покривот на втората ламела, во СУГС „Панче Арсовски" се реконструираше покривот на работилницата, во СУГС „Никола Карев", СУГС „Орце Николов" и во СУГС„ „Здравко Цветковски" се изврши санација на подот во училниците, во СУГС „Ѓорѓи Димитров" се санираше подот во фискултурната сала, во СУГС „Арсени Јовков" се заменуваше столаријата на скалишниот простор, во СУГС „Јосип Броз Тито" и во СУГС „Раде Јовчевски Корчагин" се менуваа прозорци, во СУГС „Васил Антевски Дрен" се заменуваше столаријата, во СУГС „Браќа Миладиновци" се санираа санитарните јазли, во СУГС „Цветан Димов", исто така, санитарните јазли, а во СУГС „Димитар Влахов" се реконструираа кабинетите во училиштето.







# МАТУРАНТИТЕ ИГРАА КВАДРИЛ



На плоштадот „Македонија“ на 23 мај 2014 година матурантите од Скопје им се придружија на своите врсници од голем број градови од земјава и од Европа и точно напладне го одиграа танцот „квадрил“, како дел од осмата по ред „Матурска парада 2014“.

Во „Матурска парада 2014“ учествуваа 948 ученици од средните училишта: „Раде Јовчевски Корчагин“, „Никола Карев“ , „Зеф Љуш Марку“, „Јосип Броз Тито“, „Панче Арсовски“, „Браќа Миладиновци“, „Георги Димитров“, „Цветан Димов“, „Д-р Панче Караѓозов“, „Васил Антевски Дрен“, „Арсени Јовков“, „Марија Кири-Склодовска“, „Здравко Цветковски“, „Владо Тасевски“, „Боро Петрушевски“, „Димитар Влахов“, „Орце Николов“, „Лазар Танев“, „Илија Николовски Луј“, „Михајло Пупин“ и приватното средно училиште „Алгоритам“.

Организатори на „Матурска парада 2014“ се Дирекцијата за култура и уметност во соработка со танцовиот клуб „Ритам плус“, а покровител на манифестацијата е градоначалникот Коце Трајановски.



# СРЕДБА МЕЃУ ПРВИОТ И НАЈДОБРИТЕ

Во рамките на традиционалната манифестација „Средба меѓу првиот и најдобрите“, градоначалникот Коце Трајановски на најдобрите 24 матуранти – првенци на генерацијата 2010/2014 година од 21 средно училиште им додели признанија и парични награди.

Првенците на генерација и матурантите што покажале успеси во текот на школувањето заминаа и на еднодневна наградна екскурзија „По стапките на творците на градот“ и ги посетија споменициите на нашето културно-историско наследство.

# НАГРАДИ ЗА НАЈДОБРИТЕ МАТЕМАТИЧАРИ...

Во третиот натпревар по математика меѓу средните училишта што се одржа на 10 мај 2014 година учествуваа 121 ученик од I, II и III година од сите 21 средно училиште што се во надлежност на Град Скопје. Учениците се натпреваруваа во две групи, ученици од гимназиско и ученици од стручно образование. Најдобрите тројца натпреварувачи од I, II и од III година, од стручно и од гимназиско образование, добија Признанија за освоено прво, второ и трето место, како и симболични парични награди.

# ... И ЗА НАЈДОБРИТЕ ИСТОРИЧАРИ

На 29 јануари годинава им беа доделени наградите на победниците на првиот натпревар по историја меѓу средните училишта на Град Скопје. Во овој натпревар учествуваа 65 ученици од 17 средни училишта во надлежност на Град Скопје, од стручно и гимназиско образование на македонски јазик и од стручно и гимназиско образование на албански јазик.

Натпреварувачите за освоено прво, второ и трето место добија диплома и парична награда.





# Посети на скопските општини
# НЕПОСРЕДНО СО ГРАЃАНИТЕ ЗА УРБАНИТЕ ПРОБЛЕМИ







Претставниците на урбаните и месните заедници од сите скопски општини во ноември 2014 година имаа можност да се сретнат со градоначалникот Коце Трајановски, со претставници на градската администрација и со директорите на јавните градски претпријатија и да поразговараат за проектите на Градот Скопје и за нивните потреби од областа на урбаното живеење, во рамките на 11.циклус посети на општините во Скопје.

- Ова е одлична можност да се сретнеме со претставниците на урбаните и на месните заедници и да ги слушнеме мислењата на граѓаните за проектите на Градот Скопје, како и нивните потреби од областа на урбаното живеење. Разговараме за прашања од областа на сообраќајот, за новите сообраќајни решенија, за јавната хигиена и одржувањето на зеленилото, за подобрувањето на услугата на јавните претпријатија и за многу други прашања. Овие средби претставуваат и еден вид отчет на досега сработеното од Град Скопје на подрачјето на определената општина - вели градоначалникот Трајановски.

Посетите на скопските општини беа придружени со големи акции за чистење на јавните површини. Во текот на тридневните акции екипи на ЈП „Паркови и зеленило“ ги косеа тревниците и ги кастреа гранките на дрвјата, работниците на ЈП „Улици и патишта“ ги крпеа ударните дупки, екипите на ЈП „Водовод и канализација“ ја проверуваа атмосферската канализација и ги чистеа сливниците, а работниците на ЈП „Комунална хигиена“ ги расчистуваа дивите депонии, ги чистеа контејнерите и ги метеа улиците.

Како дел од овој циклус средби, беа претставени проектите коишто Градот Скопје ќе ги реализира во текот на оваа, 2015 година, а се добија и предлози и приоритети од урбаните и месните заедници за проекти кои треба да бидат реализирани и вметнати во програмите за работа на Градот Скопје.

## ОТВОРЕНИ ДЕНОВИ СО ГРАЃАНИТЕ

Градоначалникот Коце Трајановски и во 2014 година се среќаваше со граѓаните и разговараше за нивните проблеми со кои секојдневно се соочуваат, а се од надлежност на Град Скопје, во рамките на Отворените денови со граѓаните.

На средбите, граѓаните имаа можност да ги искажат своите потреби и да дадат предлози и сугестии за активностите на градската администрација.



Во Младинскиот културен центар

## ЛИФТОВСКА ПЛАТФОРМА ЗА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

Во објектот на Младинскиот културен центар во јуни 2014 година беше поставена вертикалната лифтовска платформа со која се олесни следењето на случувањата од областа на културата за лицата со посебни потреби. Идејното решение за лифтовската платформа го подготвија професори од Машинскиот и од Архитектонскиот факултет од Скопје, а изведбата ја направи „МАКЛИФТ“. За оваа намена Град Скопје издвои околу 2 милиона денари.

- Ова е трет ваков лифт кој Градот Скопје го постави за лицата со посебни потреби. За да се подобри квалитетот на нивното живеење и за да се создадат услови за независен живот, што претставува еден од главните приоритети на Град Скопје, во 2010 година поставивме лифтовска платформа за лица со посебни потреби во СУГС „Михајло Пупин“, а во почетокот на 2014 година, поставивме ваков лифт и во градското средно училиште „Арсени Јовков“ – објаснува градоначалникот Коце Трајановски.

Градоначалникот Коце Трајановски на 26 декември 2014 година го посети Пунктот и Прифатилиштето за бездомни лица, лоциран во Момин Поток и подели пакети со топла облека.

- Градот Скопје го помага работењето на овој центар со по 500.000 денари годишно, а оваа наша поддршка ќе продолжи и во иднина. Сметам дека овие средства се вложени на вистинското место, за луѓето на коишто им е потребна помош. Бездомниците во овој центар добиваат хигиенски услуги, чисти алишта, берберски услуги, лекарски преглед и неопходни лекарства, разговор и совети од психолог и топол оброк – вели градоначалникот Трајановски.

Бездомните лица што ги користат услугите на овој пункт, вкупно 45 лица, добија пакети од Град Скопје во коишто беа спакувани џемпер, шал, капа, ракавици и вреќа за спиење. За набавка на 45-те пакети Градот Скопје одвои 81.000 денари.



## УРЕДЕНА ПРОСТОРИЈА ЗА ДНЕВЕН ПРЕСТОЈ ВО ПОУ „ЗЛАТАН СРЕМАЦ“

Во Посебното основно училиште „д-р Златан Сремац“ изминатава есен беше отворена нова просторија за дневен престој. Просторијата беше реконструирана и пренаменета со средствата собрани од четвртиот Меѓународен добротворен базар 2014, што го организираше „Добре дојде“ - Македонија Велкам Центар („Dobre dojde“ Macedonia Welcome Center - DMWC), со поддршка од Градот Скопје.

Во оваа манифестација беа собрани 172.000 денари, кои беа искористени за реконструкција и пренамена на новата просторија за дневен престој во ПОУ „д-р Златан Сремац“.



# ВО ПОСЕТА НА ДЕТСКОТО СОС СЕЛО....



Градоначалникот Коце Трајановски на 24 декември 2014 година го посети Детското СОС село и имаше можност да поразговара и да се дружи со децата што се згрижени во ова село. Во пресрет на Новогодишните и Божикните празници на сите деца во Детското село градоначалникот Трајановски им подели новогодишни пакетчиња.

Во текот на 2014 година Градот Скопје ја уреди внатрешноста на една од куќите во селото, поточно куќата со површина од околу 500 квадрати беше варосана и исчистена.



# ... И НА ДОМОТ „МАЈКА ТЕРЕЗА“

Во пресрет на Новогодишните празници градоначалникот Коце Трајановски, како и секоја година, ги посети старите лица сместени во Домот „Мајка Тереза“, што се наоѓа во населбата Злокуќани.

Градот Скопје преку низа проекти влијае врз унапредување на квалитетот на животот, здравјето и психофизичката состојба на старите лица, задоволување на здравствените и социјалните потреби и нивна социјализација.

# РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ

На 10 јуни 2014 година во Универзалната сала се одржа 12.Републичка пензионерска ревија на песни, музика и игри. Ревијата ги обединува активностите на над 40 здруженија на пензионери во земјава.

- Градот Скопје има одлична соработка со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Град Скопје и тоа преку заемно учество во разни програми и активности кои придонесуваат за поквалитетен живот на пензионерите. Ќе го споменам подобрувањето на условите за рекреација и дружење на пензионерите во Рекреативниот центар во Катланово и неговото реновирање. Реновирано е фоајето на одморалиштето, комплетно се обновени ходниците на двата ката, реновирани се бањите во собите. Во дворот се поставени клупи и осветлување. Организираме групен превоз за пензионерите на дестинации во Скопје и во републиката; обезбедивме бесплатен превоз во автобусите на ЈСП четири дена во неделата – во вторник, петок, сабота и недела; обезбедуваме бесплатни слободни легитимации за јавниот градски превоз за инвалидските пензионери; поддржуваме спортски манифестации како што е традиционалниот 13.Ноемвриски шаховски турнир. Соработката на Градот Скопје со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Град Скопје продолжува и понатаму - вели градоначалникот Коце Трајановски.

Град Скопје за одржување на ревијата на песни, музика и игри одвои околу 26.000 денари, а ја отстапи и Универзалната сала.



# ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА ПОЖАРНИКАРСТВОТО 2014

Градот Скопје на 20 мај 2014 година традиционално го одбележа Денот на пожарникарството, во противпожарната станица во Автокоманда. Прославата почна со свечено постројување на скопските пожарникари, а командантот на Противпожарната бригада на Град Скопје, Благоја Менковски, на градоначалникот Коце Трајановски и на претседателот на Советот на Град Скопје, Ирена Мишева им поднесе рапорт.

На Денот на пожарникарството се одржа и тактичко-показна вежба, спасување на лице во сообраќајна незгода, како и презентација на опремата што ја поседува противпожарната бригада.





# НАГРАДИ ЗА НАЈДОБРИОТ ПОЛИЦАЕЦ, ПОЖАРНИКАР И КРВОДАРИТЕЛ

Градоначалникот Коце Трајановски на 25 декември 2014 година им ги додели наградите на најдобрите полицаец, пожарникар и крводарител во Скопје за 2014 година.

- На овие вредни, пожртвувани и хумани луѓе од свое лично име и од името на моите сограѓани сакам да им се заблагодарам за посветеноста и стручноста со кои пристапуваат во извршувањето на своите работни задачи, спасуваат животи и придонесуваат за поголема безбедност и сигурност во нашиот град. На најдобрите полицаец, пожарникар и крводарител во Скопје за 2014 година Градот Скопје ќе им додели по 10.000 денари – рече градоначалникот Трајановски.

Наградата за најдобар полицаец за 2014 година ја доби Љупчо Стојановски, вработен во УПС Полициска станица од општа надлежност во Гази Баба.

Наградата за најдобар пожарникар за 2014 година отиде кај Зоран Ј. Трајаноски, пожарникар-спасител во Бригадата за противпожарна заштита на Град Скопје.

Наградата за најдобар крводарител во Скопје за 2014 година ја доби Мирко Инчевски, кој досега дарувал крв 112 пати.



# ПОМОШ ЗА НАСТРАДАНИТЕ ВО РЕГИОНОТ

Советот на Град Скопје одобри парична помош за настраданите од поплавите што се случија минатото лето во Република Србија и Република Босна и Херцеговина, како и за настраданите во рударската несреќа во Маниса, Република Турција. Градот Скопје, како Град на солидарноста, одвои 3 милиони денари парична помош - милион за Србија, милион за Босна и Херцеговина и милион за Маниса.

За време на поплавите во регионот, Градот Скопје испрати противпожарно возило опремено со две моќни пумпи за испумпување вода и дополнителна опрема, чамец за спасување и екипа од 6 пожарникари од Противпожарната бригада на Град Скопје, кои се вклучија во извлекувањето на настраданите, шлепер со флаширана вода за пиење и 50.000 вреќи за песок во Србија; како и две противпожарни возила од кои едното опремено со моќни пумпи за испумпување вода и екипа од 6 пожарникари кои се вклучија во извлекување на настраданите во Босна и Херцеговина.



# БЛАГОДАРНИЦИ ЗА ПОЖАРНИКАРИТЕ СПАСУВАЧИ

Скопските пожарникари кои учествуваа во спасувањето и извлекувањето на настраданите и во санирањето на штетите од поплавите во Србија и Босна и Херцеговина добија благодарници од Град Скопје.

Благодарници добија: Звонко Томески, Владимир Кочовски, Звонко Тасевски, Сашо Крстев, Дејан Димишковски и Кристијан Трајков (противпожарната екипа за Србија); како и Дарко Ангеловски, Сафет Растодер, Музафер Шабанов, Игор Михајлов, Александар Ѓорѓиевски и Раши Рожајац (противпожарната екипа за БиХ);

Учеството на двете екипи во спасувачките мисии беше координирано со тамошните власти.

По поплавите што ја зафатија нашата земја на почетокот на годинава, Градот Скопје испрати тим луѓе и механизација за справување со последиците од невремето во општина Новаци. Општината Новаци беше една од најпогодените од поплавите во источниот дел на Македонија.

Градот Скопје испрати три цистерни за извлекување вода со две моторни пумпи со голем капацитет и цистерна со вода за пиење. Со техничката помош, во општина Новаци е испратена и екипа од 12 лица од Штабот за заштита и спасување на Град Скопје.

Штабот за заштита и спасување на Град Скопје испрати тим луѓе и механизација за справување со поплавите и во Штип.

Во поплавените делови од земјава Градот Скопје дополнително испрати три цистерни за влечење вода од ЈП „Водовод и канализација" и ЈП „Комунална хигиена", противпожарно возило опремено со моќна пумпа, две моторни пумпи со голем капацитет, чамец со мотор и 10.000 вреќи со песок.



# ПОМОШ ЗА ПОПЛАВЕНИТЕ ОПШТИНИ ВО МАКЕДОНИЈА

Парична помош во износ од 3 милиони денари испрати Градот Скопје за помош на настраданите од поплавите во Македонија. Ваква одлука донесе Советот на Град Скопје на седницата одржана на 12 февруари годинава.

Одвоените средства ќе бидат префрлени на посебната наменска сметка за елементарни непогоди – поплави 2015 година, отворена во рамки на Трезорот на Министерство за финансии.



Штабот за заштита и спасување на Град Скопје на 30 јануари годинава изведе техничко-показна вежба, на кејот на реката Вардар, кај паркот во Аеродром, на која беа демонстрирани техники за справување со последиците од влошени временски услови во градска средина. Штабот располага со соодветни материјално-технички средства и механизација, 50.000 вреќи со песок, камиони, багери, цистерни, пумпи за извлекување вода, чамци за спасување и друга опрема и е подготвен да се справи со последиците од евентулно невреме.

# МЕЃУНАРОДНА

Градоначалникот Коце Трајановски на 24 јануари 2014 година се сретна со амбасадорот на Кралството Шведска во Република Македонија, Н.Е. Матс Стафансон.

На средбата, амбасадорот Стафансон истакна дека сака да ја продлабочи соработката меѓу двете земји на повеќе полиња, особено во сферата на образованието, културата, спортот и меѓународната соработка.





На 12 февруари 2014 година градоначалникот Коце Трајановски се сретна со Н.Е Лоренс Оер, амбасадорка на Република Франција во нашата земја. Амбасадорката Оер го информира градоначалникот Трајановски за нејзината средба со Франсоа Ребсмон, градоначалник на Дижон, со кого разговарале за можностите за соработка меѓу збратимените градови Скопје и Дижон, како што е соработката во областа на урбанизмот, сообраќајот, заштитата на животната средина, граѓанскиот сектор, младите и културата.

Градоначалникот Трајановски истакна дека е задоволен од досегашната соработка со овој збратимен град, и се согласи дека преку размена на искуства во повеќе области и преку учество на саеми и гостувања на културни настани успешно ќе продолжи соработката со овој француски град.

Соработката во областа на културата, образованието и спортот беа темите на коишто на средбата што се одржа на 5 февруари 2014 година разговараа градоначалникот Коце Трајановски и амбасадорот на Република Словачка во Република Македонија, Н.Е.Мартин Безак.

Амбасадорот Безак увери дека во периодот на вршењето на дипломатската функција ќе настојува пријателските односи и коректната соработка меѓу Република Словачка и Република Македонија да се продлабочат и да се унапредат во сите области што се од заеднички интерес за граѓаните на двете земји.





На 26 февруари 2014 година градоначалникот Коце Трајановски оствари средба со Н.Е. Бранко Раковец, амбасадор на Република Словенија во Република Македонија. На средбата, амбасадорот Раковец информираше за можноста Центарот за европски перспективи од Словенија да организира обука за градење на капацитетите на администрацијата во нашата земја. Обуката се однесува на евроинтеграциите и управувањето со европски проекти – области коишто се особено важни за Македонија во нејзиниот процес на интеграција во Европската унија и ќе биде организирана во ЗЕЛС. Градоначалникот Трајановски и амбасадорот Раковец истакнаа дека со оваа обука ќе продолжи одличната соработка на Градот Скопје со Амбасадата на Словенија.

# СОРАБОТКА



Градоначалникот Коце Трајановски на 17 март 2014 година оствари средба со амбасадорот на Австралија во Република Србија, Н.Е. Јулија Фини и почесниот конзул на Австралија во Република Македонија, Зоран Костовски.

На средбата се разговараше за можноста за остварување соработка со австралиски град во вид на културна размена, размена во областа на образованието и соработка со невладините организации. Градоначалникот Трајановски информираше за можностите за инвестирање во Скопје и во Република Македонија, како и за проектите на кои е фокусиран Градот Скопје.

На 12 мај 2014 година градоначалникот Коце Трајановски се сретна со амбасадорот на Кралството Белгија во Република Бугарија, Н.Е. Аник Ван Калстер, со почесниот конзул на Кралството Белгија во земјава, Елена Никодиновска, со Ан Дефурни, советник за економија и трговија во амбасадата на Кралството Белгија во Софија и со Ерик де Борштрав, советник на Град Загреб за Европски проекти.

Главен акцент на средбата беше ставен на европските проекти и обезбедувањето европска помош за Градот Скопје, насоки, совети и обуки, со цел да се приближат и што поскоро да се применат ЕУ стандардите, ИПА фондовите и нивната недоволна искористеност во земјава.





Во текот на 2014 година градоначалникот Коце Трајановски оствари две средби со амбасадорот на Народна Република Кина во Македонија, Н.Е.Вен Женшун. На средбите се разговараше за продлабочување на соработката меѓу двете земји и меѓу Скопје и збратимениот град Нанчанг.

## СКОПЈЕ И НАНЧАНГ – 30 ГОДИНИ ЗБРАТИМЕНИ ГРАДОВИ

По повод одбележувањето на 30-годишнината од збратимувањето на Скопје и Нанчанг, Кина, во Македонскиот народен театар на 13 февруари годинава се одржа музичка и танцова претстава „Среќна Кинеска Нова Година, неверојатен Нанчанг", во изведба на културниот ансамбл од Нанчанг. Претставата беше одлична можност за претставување и промоција на древната кинеска култура пред скопјани.

Во Скопје престојуваше и повеќечлена делегација од Нанчанг, предводена од Жоу Шулинг, заменик-претседавач на Постојаниот комитет на Народниот конгрес на Нанчанг и од претставници од локалната и регионалната власт од областа на меѓународната соработка, културата и односите со јавноста.

Во рамките на одбележувањето на 30-годишнината од збратимувањето на Скопје и Нанчанг, во ГТЦ се одржа „Кинески пролетен фестивал во Скопје" каде што присутните имаа можност да се запознаат со дел од богатата кинеска култура.





Градоначалникот Коце Трајановски на 10 ноември 2014 година се сретна со новоименуваниот амбасадор на Кралството Шпанија во Република Македонија, Н.Е. Рамон Абароа Каранза. На оваа средба градоначалникот Трајановски ја потенцираше одличната соработка на Градот Скопје со Кралството Шпанија, којашто резултираше со потпишување на Спогодбата за збратимување на Скопје со Сарагоса во декември 2008 година. Трајановски наведе дека Градот Скопје има добра соработка и со голем број компании од Шпанија, наведувајќи ја компанијата ИДОМ која ги изработи идејните проекти за булеварот Свети Климент Охридски и за подземната сообраќајница од Соборниот храм до Комплексот банки, како и изработката на основниот градежен проект за подземната сообраќајница во Скопје.

Да се продлабочи соработката на ниво на локална самоуправа, како и во областа на образованието, културата, економијата и животната средина е заклучокот од средбата меѓу градоначалникот Коце Трајановски и новоименуваниот амбасадор на Државата Израел за Република Македонија, Н.Е. Дан Орјан, која што се одржа на 11 ноември.





На 3 јули 2014 година градоначалникот Коце Трајановски се сретна со амбасадорот на Република Полска во нашата земја, Н.Е. Јацек Мултановски. Амбасадорот Мултановски ја потенцира својата мисија во промовирањето на билатералните односи меѓу Полска и Македонија и изрази подготвеност да помогне во јакнењето на контактите и соработката меѓу Скопје и Варшава, како и во јакнењето на релацијата со полскиот град Уц, со кој веќе се воспоставени контакти. Тој ја нагласи и поддршката што Република Полска и ја дава на Република Македонија на нејзиниот пат кон Европската унија и НАТО.

На 20 февруари 2014 година градоначалникот Коце Трајановски се сретна со амбасадорот на Република Србија во нашата земја, Н.Е.Душанка Дивјак-Томиќ, во својство на почесен претседател на годинешниот Базар што е во организација на Здружението на граѓани „Добредојде“ Macedonia Welcome Centre.

Целта на посетата беше презентација на добротворниот базар во Скопје што секоја година го организира здружението на граѓани „Добредојде“ Macedonia Welcome Centre. Базарот, кој има хуманитарен карактер, има за цел да ја претстави културата на оние земји што се застапени со дипломатски претставништва во Македонија. Собраните средства од продажбата на производите беа донирани за децата со посебни потреби.





Градоначалникот Коце Трајановски на 11 февруари 2014 година оствари средба со делегација од Ниш, Република Србија. Делегацијата беше предводена од Александар Цветковиќ, началник на нишкиот управен округ.

На средбата беше разговарано за продолжување на соработката во рамките на еврорегионот Скопје-Ниш-Софија, „Евробалкан" кој има за цел да ја интензивира прекуграничната соработка како средство за регионален економски развој и интеграција во рамките на регионот. Покрај оваа соработка, беа разгледани и можностите за соработка на полето на културата којашто претставува важен мост меѓу Скопје и Ниш.



На 24 февруари 2014 година градоначалникот Коце Трајановски се сретна со заменик-градоначалникот на Град Приштина, Дардан Сејдиу. На средбата беше заклучено дека идната соработка меѓу двата града треба да се одвива во различни сфери, како што се културата, спортот, образованието, а заменик-градоначалникот на Приштина, Сејдиу, истакна дека е особено заинтересиран за размена на позитивни искуства за успешна реализација на проекти поврзани со енергетската ефикасност.



Градоначалникот Коце Трајановски на 13 јуни 2014 година им пожела добредојде во Скопје и во Македонија на учениците од Темпи, САД, кои во Скопје престојуваа на ученичка размена во текот на 5 недели. Исто толку време во Темпи престојуваа и македонски ученици.

# КОНФЕРЕНЦИЈА НА ЗБРАТИМЕНИ ГРАДОВИ

Градот Скопје во јуни 2014 година беше домаќин на дводневната Балканска Конференција на збратимени градови, што беше во организација на Корпорацијата на збратимени градови на Темпи, Аризона, САД и Меѓународната корпорација на збратимени градови од Вашингтон, САД.

- Градот Скопје во изминативе години има развиено богата меѓународна соработка. Збратимен е со 18 града, а негува контакти и релации со многу други градови од целиот свет. Развиеноста на врските, контактите и соработката со голем број градови, пред сѐ, се должи на фактот што по катастрофалниот земјотрес во 1963 година Скопје стана град на меѓународната солидарност. Соработката со збратимениот град Темпи, за нас е посебна. Оваа соработка почнала во 1971 година. Во тоа време Скопје беше првиот град од Источна Европа кој се збратими со американски град. На глобално ниво, чинот на збратимување на Скопје и Темпи, претставувал историски пресврт во односите меѓу Истокот и Западот. Основата на долгодишната соработка на Скопје и Темпи е иницијативата на Ричард Њухајзел, претседател на Корпорацијата на збратимени градови на Темпи, која е претставена преку Програмата за размена на средношколци. Програмата вклучува петнеделен престој на средношколци од двата града во текот на летниот период, сместени во семејства од другиот град. Таа средношколска приказна трае се до денес - рече градоначалникот Трајановски, на конференцијата.

На Конференцијата се дискутираше за тоа што се опфаќа програмата „Збратимени градови" и како таа може да му помогне на кој било град.



# ИЗГРАДЕН НОВ СКЕЈТ – ПАРК НА КЕЈОТ НА ВАРДАР

На кејот на реката Вардар, во близина на Градскиот парк, екипи на Град Скопје во јули 2014 година изградија скејт-парк наменет за скејтери, ролерџии и BMX-бајкери.

- Ова е првиот скејт-парк во Скопје и во Република Македонија. Површината за скејт-паркот е со димензии 15 на 50 метри, на која се поставени 9 елементи со рампа на асфалтна подлога изработена според бараните карактеристики за овој вид спортови, а уредено е и место за одмор и дружење. Поставените елементи се во согласност со европскиот стандард (EN 14974) за безбедност при користење на рампите со опрема на тркала. Во иднина, справите во скејт-паркот може да се разместуваат и да се поставуваат нови елементи според новитетите во урбаните екстремни спортови кај нас и во светот. Скејт-паркот го осветлуваат 5 столбови за осветлување со 20 рефлектори што овозможува ова катче да се користи и во вечерните часови. Градот Скопје ангажира и инструктори кои покрај тоа што се грижеа за редот и безбедноста во скејт-паркот, на сите заинтересирани им беа на располагање за совети, обука и едукација за возење скејтборд, ролери и БМХ велосипеди. Скејт-паркот може да се користи од 10 до 24 часот, од март до декември. Новиот скејт-парк е изграден по иницијатива на возачите на урбаните и екстремни спортови во Скопје, кои со нивните познавања и сугестии во голема мера помогнаа за уредување на паркот – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Новиот скејт-парк на кејот на реката Вардар е инвестиција на Градот Скопје, вредна околу 12 милиони денари.





# „ПРВ ДО ВРВ" ЗА РОДЕНДЕНОТ НА ЖИЧНИЦАТА

Илјадници планинари и велосипедисти на 1 јуни 2014 година се упатија кон врвот на Водно и учествуваа во спортско-рекреативниот настан „Прв до Врв", што се организира по повод третиот роденден на жичницата на Водно.

Манифестацијата „Прв до врв" ја организира ЈСП, а Градот Скопје финансиски ја поддржа со 40.000 денари.

# ТУРНИР ВО ЕКСТРЕМНИ СПОРТОВИ

Педесет и двајца скејтери, ролерџии и BMX-бајкери од Македонија, Хрватска, Србија, Косово и од Велика Британија учествуваа на првиот Меѓународен турнир во екстремни спортови - Скопје 2014, што се одржуваше во новиот скејт парк на кејот, од 2 до 4 октомври.

Првото место од категоријата скејтери го освои Иван Марас од Хрватска, во категоријата БМХ првото место го зазема Игор Вукадиновиќ од Хрватска, а меѓу ролерџиите најдобар беше Стеван Божиќ од Србија.

Град Скопје за одржување на овој настан издвои 100.000 денари.





# ЛИГА НАТПРЕВАРИ НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

Лига-натпреварите во женска и во машка конкуренција меѓу екипи од средните училишта во Скопје за учебната 2014/15 година се во тек. Во оваа учебна година во системот на натпревари учествуваат 220 екипи и околу 6.000 ученици од 28 училишта - 21 средно училиште на Град Скопје и 7 приватни и државни средни училишта. Средношколците се натпреваруваат во ракомет, кошарка, футсал, одбојка, стрелаштво, куглање, ракомет на песок, одбојка на песок и во други спортови, а најдобрите екипи и ученици од колективните и индивидуалните спортови ќе одат на меѓудржавни натпревари во соседните земји.

# СРЕДНОШКОЛЦИТЕ НА ГОСТИ ВО ЉУБЉАНА

Најдобрите средношколци-спортисти од Скопје на 28 мај 2014 година ги одмерија силите со своите врсници од Љубљана. Главниот град на Словенија беше домаќин на 5-те по ред натпревари во ракомет, кошарка, футсал, во женска и во машка конкуренција, како и во одбојка во женска конкуренција, каде што скопските тимови остварија значително подобри резултати и се вратија со неколку победи.









# КЕНИЈЦИТЕ ПОВТОРНО НАЈБРЗИ НА СКОПСКИТЕ УЛИЦИ

Маратонците од Кенија ги соборија рекордите на 10-от јубилеен Виз Ер Скопски маратон 2014, што се трчаше на градските улици на 11 мај. Низ улиците на Скопје трчаа над 6. 000 учесници од 47 земји, а на најдобрите наградите им ги додели градоначалникот Коце Трајановски.

Во машка конкуренција, патеката долга 42.195 метри прв ја истрча Кениецот Емануел Самал, а меѓу жените најбрза беше Кенијката Муриги Луси Вамбуи. Најдобар наш маратонец беше Александар Кираџиев кој во вкупниот пласман го освои 5. место. Во полумаратонот, патеката во должина од 21.097 метри прв ја истрча Едвин Кенбои од Кенија, а кај дамите прва низ целта помина Сибила Мајерс од САД. Како дел од Скопскиот маратон 2014 се одржа и хуманитарна трка на 5 километри.

Организатори на Виз Ер Скопскиот маратон 2014 беа Град Скопје и Сојузот на спортови на Скопје, Агенцијата за млади и спорт, Атлетската федерација на Република Македонија, Европската унија во Македонија и атлетските клубови. Оваа традиционална спортска манифестација минатата година доби и нов генерален спонзор, Виз Ер, со чија помош е зголемен и наградниот фонд. Промотор на Виз Ер Скопскиот маратон 2014 беше светскиот рекордер и маратонец Вилсон Кипсанг Кипротич.

Градот Скопје за организација на скопскиот маратон издвои 1.500.000 денари.

# „ИКАС 2014“

Најдобриот македонски кајакар, Атанас Николовски, триумфираше на 46-то издание на Илинденскиот кајак слалом „ИКАС 2014“, што во април се одржа на патеката на Матка.

Во „ИКАС 2014“ учествуваа деведесетина натпреварувачи од Македонија, Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија, Грција, Конго, Турција, Русија и од Украина.

Градот Скопје е традиционален покровител на „ИКАС“, а за неговата организација издвои околу 180.000 денари.





# ТУРНИР ВО ОДБОЈКА НА ПЕСОК

Одбојкарските двојки Мишонова/Сланчева од Бугарија, во женска конкуренција и Киковиќ/Баста од Србија, во машка конкуренција, ги освоија првите места на петтиот Меѓународен турнир во одбојка на песок „Скопје 2014“, што во јули се одржуваше на игралиштата на Градската плажа „Парк“. На најдобрите одбојкарски двојки медалите им ги додели претседателот на Советот на Град Скопје, Ирена Мишева.

Во турнирот учествуваа 16 двојки во машка и 8 двојки во женска конкуренција, од Македонија и од Албанија, Србија, Бугарија, Црна Гора и од Хрватска. Градот Скопје е генерален покровител на овој турнир и за неговата реализација издвои 400.000 денари. Турнирот е во организација на Одбојкарската федерација на Македонија.

# РАКОМЕТЕН ТУРНИР НА ПЛАЖА

Осум екипи во машка и четири екипи во женска конкуренција се натпреваруваа во вториот по ред Ракометен турнир на плажа за мажи и жени - Скопје 2014, што се одржа на игралиштата на градската плажа „Парк“. Победник во машка конкуренција беше екипата на „Алкалоид“, а меѓу жените најдобри беа ракометарките на „Неуромедика“.

Турнирот се одржа во организација на РК „Работнички“, а финансиски беше поддржан од Градот Скопје со 60.000 денари.





# АТЛЕТСКА МАНИФЕСТАЦИЈА „XC CHALLENGE 2014“

На трим патеката на падините на парк-шумата „Гази Баба“ на 9 март 2014 година се одржа четвртата традиционална крос-кантри атлетска трка Гази Баба „XC Challenge 2014“. Организатор на атлетската манифестација беше атлетскиот тим АК „Безбедност“, а еден од главните покровители е Градот Скопје, кој ова натпреварување го помогна со 40.000 денари.

Оваа атлетска манифестација се состоеше од 3 трки - мини детска трка во должина од 500 метри, главна трка во женска конкуренција во должина од 3.000 метри и главна трка во машка конкуренција во должина од 8.000 метри.

Кај мажите најбрз беше Митко Ценов од Бугарија, а во женска конкуренција прва заврши неговата сонародничка Милица Мирчева.

## МЛАДИНСКИ ТУРНИР ВО ФУДБАЛ

Над 400 фудбалери од младинските клубови на Хрватска, Србија, Бугарија и на Македонија си ги одмерија силите на првиот Меѓународен младински турнир во фудбал „Скопје куп" 2014, што во јули се играше во Скопје.

Екипата на „Вардар" - Скопје го освои првото место во категоријата фудбалери родени во 1997 година и помлади. Во категоријата фудбалери родени во 1999 година и помлади првото место им припадна на фудбалерите на „Партизан" –Белград.

Овој голем меѓународен младински турнир во фудбал беше поддржан од Град Скопје и од Фудбалската федерација на Македонија, а го организираше Здружението „Скопје куп".



## МЛАДИНСКИ ТУРНИР ВО РАКОМЕТ

РК „Работнички" во соработка со Град Скопје и со Ракометната федерација на Македонија беше организатор на Меѓународниот младински турнир во ракомет во сала „СКОПЈЕ КУП 2014", што се одржуваше од 13 до 19 август, во спортската сала „Расадник", во Кисела Вода и во спортската сала „Ѓорче Петров". Во турнирот учествуваа 15 екипи и 350 млади спортисти од Македонија, Србија и Црна Гора.

Во машка конкуренција победи екипата на РК „Металург", а во женска конкуренција најдобра беше екипата на РК „Бар" од Црна Гора. Градот Скопје го поддржа одржувањето на ова натпреварување со 100.000 денари.

## КАРАТЕ ТУРНИР „ГРДАНОВСКИ НИКОЛА-НИКЕ"

Спортската сала „Скопје" во населбата Автокоманда беше домаќин на 33.Меѓународен традиционален карате турнир „Грдановски Никола-Нике" кој се одржа во октомври 2014 година. Во овој турнир учествуваа 400 учесници од карате клубови од Србија, Косово и од Македонија.

Градот Скопје овој меѓународен карате турнир го поддржа со 50.000 денари.



## КАРАТЕ ТУРНИР „СОЛИДАРНОСТ ОПЕН 2014"

Четиринаесеттиот по ред меѓународен карате турнир „Солидарност опен 2014", што во јуни 2014 година се одржа во спортската сала во ОУ „Наум Наумовски – Борче" во Маџари, привлече над 300 натпреварувачи од Македонија, Црна Гора, Албанија, Србија, Бугарија и од Косово.

Меѓународниот карате турнир „Солидарност опен 2014" е во организација на карате клубот „Солидарност", а финансиски е поддржан од Градот Скопје.



# ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ „8-МИ СЕПТЕМВРИ“

Екипата на „Андринико“ го освои пехарот на традиционалниот турнир во мал фудбал „8.Септември“, што во септември 2014 година се играше на спортското игралиште во населбата Триангла, во општината Гази Баба. Во овој турнир учествуваа над 60 фудбалски екипи.

Фудбалскиот турнир „8.Септември“ се одржа по 7.пат, во организација на „БА-ТУ-ТА Скопје“, а финансиски беше поддржан од Град Скопје со 200.000 денари.





# ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ „СКОПЈЕ 2014"

На стадионот кај Спортскиот центар во Ново Лисиче минатата есен се одржа третиот по ред градски турнир во мал фудбал „Скопје 2014“. Првото место на турнирот го освои екипата „Партнер дизајн“.

Во ова натпреварување учествуваа 48 фудбалски екипи од Неготино, Кавадарци, Куманово, Скопје и од околината, како и од други градови од нашава земја.

За организација на овој турнир Градот Скопје одвои 200.000 денари.

# СПОРТИСТ НА ГОДИНАТА ЗА 2014 ГОДИНА

Градот Скопје ги додели признанијата на најдобрите спортисти, тренери и екипи за 2014 година, на манифестацијата што се одржа на 23 декември 2014 година.

За посебни достигнувања во спортот признанија добија: Школата за мини баскет „Јуниор"; Карате клубот „Цветан Димов"; тренерот по борење во боречкиот клуб „Тефејуз", Назми Али; ултрамаратонецот Јовица Јованчев; и гинисовите рекордери за подвиг Александар Чекоров и Александар Смилков. За најдобар спортист со телесен инвалидитет е прогласен Ристо Фотевски, успешен спортист во повеќе дисциплини: шах, пинг-понг, трки со инвалидски колички и фрлање чуњеви.

За најдобри спортисти младинци признанија добија: Мери Јанева – куглање; Александар Соколовски – куглање; Бојан Јанкуловски – тенис; Филип Талевски – ракомет; Бобан Илиоски - кик бокс и Бехар Махмути – борење.

За најдобри тренери се избрани: Иван Лесевски – скијање и Индира Кастратовиќ – ракомет.

За најдобра екипа е избрана екипата на ЖРК „Вардар", најдобар спортист од странство е Тимур Дибиров, ракометар на РК „Вардар“, а за особено постигнување признание доби Здравко Дејановиќ, алпинист.

Најдобри спортисти сениори за 2014 година се Антонио Ристевски – алпско скијање; Игор Стефановски – Иџе – автомобилизам; Томи Стефановски- маратонско пливање; Евгениј Попацев - маратонско пливање; Јулија Николиќ – ракомет; Стојанче Стоилов – ракомет; Ренато Вугринец – ракомет; Јасин Реџалари – борење; Симона Заборска – карате и Јасир Асани – фудбал.



# ЧЕТИРИ РЕНОВИРАНИ ДУЌАНИ ВО СТАРАТА ЧАРШИЈА

Сите заинтересирани посетители на Старата скопска чаршија може да ги посетат четирите реновирани дуќани на улицата Пушкарска, кај Музејот на Македонија, да се запознаат со старите традиционални занаети во изумирање и да си купат сувенир. Во едниот дуќан работи сувенирница, во вториот ткајачница, третиот е грнчарница, а четвртиот дуќан за изработка на филигран.

- Дуќаните се комплетно реновирани, ставен е нов под, сменети се електричната и водоводната инсталација и столаријата, а по распишаниот конкурс, Градот Скопје сите дуќани со меморандум за соработка им ги предаде на 5-годишно користење на Македонската артисанска трговска асоцијација. МАТА има обврска да ги опреми, менаџира, сервисира и да ги плаќа сметките за електрична енергија, вода и други режимски трошоци и ќе нема обврска да плаќа кирија на Град Скопје. Дуќаните ги добивме со помош на Владата на Република Македонија, Министерството за култура и Општината Чаир, а целта е единствена - да се зачуваат старите занаети коишто се во изумирање – вели градоначалникот Коце Трајановски.



За уредување на четирите дуќани Градот Скопје одвои околу 3,5 милиони денари.



# „ПОЈАДОК НА МОСТ“ 2014

Градоначалникот Коце Трајановски на 14 септември 2014 година беше домаќин на петтата по ред традиционална манифестација „Појадок на мост", која се одржа на Камениот мост и на „Мостот на цивилизациите во Македонија“. На двата моста заедно појадуваа и се дружеа над 2.000 граѓани.

Оваа манифестација се одржува под покровителство на Град Скопје, во соработка со СУГС „Лазар Танев" и со поголем број донатори. За реализација на манифестацијата „Појадок на мост" Градот Скопје издвои 600.000 денари.

# „БАСКЕРФЕСТ 2014“

Од 6 до 15 јуни 2014 година скопјани имаа можност да уживаат во деветтото издание на театарот под отворено небо – „Баскерфест“, кој се одржуваше на неколку локации низ градот. Во оваа забавна манифестација учествуваа повеќе од 150 улични артисти, музичари и театри, од далечната Јапонија, преку Нигерија, па се до Канада.

Покровител на оваа забавна манифестација е Градот Скопје, кој за одржување на фестивалот и годинава од Буџетот издвои околу 900.000 денари.





## „ВИДИ МУЗИКА – СЛУШНИ СЛИКА – ДОБИЈ КНИГА“ БРОЈ 7

Младинскиот културен центар и Македонската филхармонија на 24 јуни 2014 година во Градскиот парк го реализираа седмиот мултимедијален спектакл „Види музика – слушни слика – добиј книга“.

Присутните во паркот го проследија концертот на Македонската филхармонија под диригентската палка на Мартин Пантелеев од Бугарија, беа подарени 20.000 примероци од книгата Vita Brevis (писмо на Флорија Емилија до Аврелиј Августин) од норвешкиот писател Јостен Гордер, а на две големи платна се одвиваше ликовен меч на кој силите си ги одмерија ликовните уметници Менсур Бојда и Владимир Симеонов.

# „ВИНО-СКОП“ 2014

Дегустација на врвни вина по цени за сечиј џеб, деликатесно мезе, добра музика со познати бендови и ѕвезди и петдневна забава до утринските часови понуди традиционалната манифестација „Вино-скоп 2014“ која се одржа во септември 2014 година, по осми пат. Фестивалот на виното минатата година се одржуваше на плоштадот „Филип Втори“, до Камениот мост и привлече илјадници посетители кои имаа можност да вкусат вина од над 40 македонски винарии. Новитет на „Вино-скоп 2014“ беа винските коктели, како сангрија и вино-мохито.

Мотото на манифестацијата „Вино-Скоп 2014“ беше „Бидете дел од една различна приказна!“





# „ПИВОЛЕНД 2014“

Седмото издание на традиционалниот Гурмански викенд со пиво „Пиволенд 2014“, којшто во август се одржа на тврдината Кале, привлече над 200.000 посетители. Покровител на ова издание на „Пиволенд“ беше Град Скопје, а организатор Друштвото за угостителство, трговија и услуги „ТЕМОВ ФШТ ДООЕЛ“, Скопје.

Посетителите на минатогодишното издание на „Пиволенд“ имаа можност да дегустираат над 40 познати видови пиво и одлична македонска храна, како и да слушаат добра македонска музика.

# БЕЛА НОЌ ВО СКОПЈЕ

Многубројни музички настани, ликовни изложби и перформанси во кои учествуваа уметници од повеќе земји од светот го одбележаа 10-то издание на „Бела ноќ“, што се одржуваше ноќта на 4 октомври 2014 година, до раните утрински часови.

Во ова јубилејно издание на БЕЛА НОЌ, што беше во организација на Младинскиот културен центар, а под покровителство на Град Скопје, беа опфатени областите: визуелни уметности (ликовна уметност, фотографија, инсталација, видеоарт, стрип, кибернетичка уметност), применети уметности (архитектура, визуелен/индустриски/веб дизајн, дигитални креации), поезија, музика, филм, јавна уметност и урбани точки.

„Бела ноќ 2014“ се одвиваше на повеќе локации низ градот, а за нејзината реализација Градот Скопје одвои 3,5 милиони денари.






# МАНИФЕСТАЦИЈА „ИНТЕРСКОПКЕЈКС 2014“

Слаткари креативци од осум држави, професионалци и аматери учествуваа во традиционалната манифестација „ИНТЕРСКОПКЕЈКС 2014“ која во октомври 2014 година се одржа во „Веро центарот“. Оваа манифестација се одвиваше во два дела - во првиот, ревијален дел, посетителите имаа можност да ги разгледаат изложените торти и изложбените штандови и да гласаат за најдобрата торта, притоа уживајќи во богатата музичка програма, а во вториот дел беа прогласени најдобрите торти на „ИНТЕРСКОПКЕЈКС 2014“ . Учесниците се натпреваруваа во две категории - подготовка на свечена торта и подготовка на детска торта.

Покровител на манифестацијата „ИНТЕРСКОПКЕЈКС 2014“ е Град Скопје, а организатор Хуманитарната организација „ХОА – Ангелчиња“.



## „СКОПСКО ЛЕТО 2014“

Во текот на 40-дневниот фестивал „Скопско лето 2014“ кој почна на 21 јуни – календарскиот почеток на летото и Светскиот ден на музиката, скопјани имаа можност да уживаат во многубројните настани и случувања од областа на музиката, театарот, филмот, литературата, ликовните уметности, мултимедијалните перформанси и спектакли. Триесет и петтото издание на фестивалот „Скопско лето 2014“ се одржа на повеќе локации во Скопје - од Матка до Марковиот манастир, од Старата скопска чаршија до падините на Водно, како и на веќе познатите простори за уметничка интерпретација.

Градот Скопје за реализација на „Скопско лето 2014“ одвои 1.800.000 денари, фестивалот финансиски го поддржа и Министерството за култура, а организатор и реализатор на настаните е Дирекцијата за култура и уметност - Скопско лето.

## „АПРИЛИЈАДА 2014“

Многубројни маскирани волшебници, пирати, гусари, принцези, пеперутки, самовили, пчелички, спајдермени, доктори, витези, невести, индијанци и каубојци на 1 април 2014 година го исполнија плоштадот „Македонија“ и беа дел од најголемата детска забава под маски „Априлијада 2014 - Скопје се смее“. Првиот дел од „Априлијада 2014“ беше наменет за децата од училиштата и градинките, а за повозрасните се одржа ноќна забава на која настапија познати музички ѕвезди.

Оваа манифестација традиционално е во организација на Детскиот културен центар „Карпош“ и Градот Скопје.



## „ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ“

Повеќе од 400 деца играорци учествуваа во 23-то издание на познатиот Меѓународен детски фолклорен фестивал „Оро без граници“ што во октомври 2014 година се одржа во Скопје. На овој фестивал гостуваа фолклорни ансамбли од Украина, Србија, Грузија, Турција, Бугарија, Унгарија, како и четири македонски ансамбли.

Фестивалот „Оро без граници“ се одржува во организација на Детскиот културен центар „Карпош“, а под покровителство на Град Скопје.

## РОЛЕР ТРКА ПО БУЛЕВАРОТ ИЛИНДЕН

Детскиот културен центар „Карпош“ и Градот Скопје во септември 2014 година по трет пат ја организираа „Ролер трката 2014“, која се возеше по булеварот Илинден. Во ролеријадата учествуваа 530 деца од 21 основно училиште од Скопје и околината. Целта на оваа рекреативна трка со мото „Возиме кон иднината“ е да се поттикне спортскиот дух кај најмладите.







## ЛИКОВНА КОЛОНИЈА „СКОПЈЕ 2014“

Од 20 до 30 август во Скопје се одржа деветтата по ред Меѓународна ликовна колонија „Скопје 2014“, на која учествуваа 10 академски ликовни уметници, припадници на различни генерации, кои живеат и творат во различни средини. Скопје ги пречека уметниците Татјана Манева, Валбона Атанасковска, Дејан Иванов, Гоце Илиевски и Коста Клифов од Македонија, како и Роман Кисјов од Бугарија, Зоран Илиќ од Србија, Ѓулај Инче од Турција, Клаудија Шефлер од Германија и Александар Вукотиќ од Црна Гора.

Меѓународната ликовна колонија „Скопје 2014“ традиционално се одржува под покровителство на градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски.



## ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ „ЛИЦА БЕЗ МАСКИ“

Претставата „Соседи“, во изведба на театарот „Континуо“, од Маловице, Чешка е добитникот на „Гранд при“ наградата за најдобра претстава во целина, на седмото издание на Интернационалниот театарски фестивал „Лица без маски“ 2014, посветен на независната професионална театарска продукција.

Наградата за најдобра режија отиде во рацете на режисерот Павел Штоурац за чешката претстава „Соседи“, а наградата за најдобро актерско остварување ја доби Васил Зафирчев.

На ова издание на фестивалот „Лица без маски“, кое се одржа во септември 2014 година, се претставија 11 врвни театарски достигнувања, од Македонија, Италија, Чешка, Романија, Бугарија и од Грција. За реализација на овој фестивал Градот Скопје одвои 400.000 денари.

## МЛАД ОТВОРЕН ТЕАТАР

Триесет и деветтото издание на фестивалот Млад отворен театар - МОТ се одржуваше од 19 до 26 септември 2014 година, а театарските претстави беа одиграни на седум различни сцени низ Скопје (МКЦ, МОБ, Универзална сала, Драмски театар, Театар за деца и младинци, сцена „Зебра“ и во еден автобус на ЈСП). Уметничкиот совет на фестивалот селектираше богата фестивалска програма која ги донесе најзначајните домашни и регионални продукции, гостувања на театри од Италија, Белгија, Мексико, Велика Британија, САД, Хрватска и од Словенија, а за прв пат домашната публика имаше можност да погледне претстава од продукцијата на Оф Бродвеј. Фестивалот МОТ е во организација на Младинскиот културен центар.

Програмата на МОТ 2014 беше реализирана со буџет од 6 милиони денари - 4,5 милиони денари од Министерството за култура и 1,5 милиони денари од Град Скопје.



## ФЕСТИВАЛ „СКОПЈЕ КРЕАТИВА“

На 21 ноември 2014 година во Универзалната сала се одржа третото издание на фестивалот за креативни индустрии „СКОПЈЕ КРЕАТИВА“. Посетителите на фестивалот можеа да ги погледнат најновите дизајни на најразлични производи и услуги, а во официјалниот дел се одржа презентација на ексклузивните производи на „СКОПЈЕ КРЕАТИВА“: првата бесплатна мобилна туристичка апликација „SK2GO“ која ќе биде достапна за сите странски туристи кои ќе го посетат Скопје, друштвената игра „Планетата Ерида“ и бесплатната онлајн апликација за регистрација на креативниот потенцијал и многу нови креативни производи и услуги.

Скопјани можеа да погледнат и креативни решенија за осветлување домови, како и креации на маси, чинии за овошје, закачалка за модни додатоци, накит и презентација на новите креативни решенија за „Вива“, „Мамас“ и „Пакомак“.



## Богата програма по повод ослободувањето на градот

# 70 ГОДИНИ СКОПЈЕ СЛОБОДНО ЧЕКОРИ НАПРЕД



Многубројни литературни средби, изложби, концерти, еколошки акции, планинарски тури и спортски манифестации беа дел од богатата програма со која Градот Скопје ја одбележа 70-годишнината од ослободувањето на нашиот град. Централната манифестација, музичко сценската изведба „СКОПЈЕ СЛОБОДНО ЧЕКОРИ НАПРЕД", се одржа на 13 ноември 2014 година, во Македонскиот народен театар, во режија на Наташа Поплавска. Познати македонски уметници ги поведоа присутните во театарот на неколкучасовно патување низ скопската приказна, од почетоците на градот, па до денес.

На свеченоста, градоначалникот Коце Трајановски, на добитниците на познатото признание „13 Ноември" на Град Скопје, за 2014 година, им ги врачи наградите. Добитници на наградата „13 Ноември" за 2014 година се: од областа на науката и здравствената заштита - Илија Велев и Африм Османи; од областа на образованието и воспитувањето - Ѓулумсер Касапи; од областа на културата и публицистиката - Симон Беличанец и Стојан Тарапуза; од областа на уметноста Славица Петровска-Галиќ и Дејан Пројковски; од областа на спортот Бранислав Давитковски и ученици и студенти Маја Бошковска и Вејчеслав Поповски.

Во рамките на одбележувањето на 70-годишнината од ослободувањето на Скопје градоначалникот Коце Трајановски се сретна со претставници на Градскиот одбор на Сојузот на борците од Народноослободителната антифашистичка војна на Македонија; во традиционалната крводарителска акција на Црвениот крст што се одржа во Центарот за дарување крв во Домот „Даре Џамбаз" крв даруваа 60 граѓани; во општината Аеродром беше отворен реновираниот објект на библиотечниот клон „Јане Сандански", што е дел од Градската библиотека „Браќа Миладиновци"; пред Споменикот на ослободителите на Скопје, на платото пред Владата на Република Македонија, официјални делегации од нашава земја и од странство, положија цвеќиња; а во Музејот на Град Скопје се одржа манифестацијата АСК – АРХИТЕКТУРА НА ГРАД СКОПЈЕ, каде што на едно место, се сретнаа архитектите и градителите на Скопје. Одбележувањето на 70-годишнината од ослободувањето на нашиот град помина и во знакот на спортските манифестации. Така, на 44.издание на Меѓународниот традиционален боксерски турнир „ЗЛАТЕН ГОНГ 2014", златниот гонг за најдобар боксер го освои Кристијан Дамјан, од Албанија. Низ градските улици се трчаше традиционалната ноќна атлетска трка; се одржа „Меѓународниот шаховски турнир на слепи и лица со оштетен вид"; екипата на ЈСП го освои првото место на Турнирот во мал фудбал меѓу јавните претпријатија на Град Скопје; а во организација на „Сојузот на средноучилишен спорт во Скопје" и Пинг-понгарската федерација на Македонија се одржа и градското првенство во пинг-понг меѓу ученици од средните училишта во Скопје.












SKOPJE MARATHON
START
2014
